Lokacione potenciale	Objekte publike, sisteme komunale, parcela private dhe zona industriale
Zgjidhje prioritare	Sisteme të decentralizuara dhe rooftop PV
Aktivitete shtesë	Koordinim me EVN dhe Ministrinë për planifikim dhe kyçje më efikase
Efekti i pritur	Përmirësim i qëndrueshmërisë energjetike dhe rritje e pjesëmarrjes së burimeve të ripërtëritshme

Tabela 1: Konsumi mujor i energjisë elektrike sipas kategorive për vitin 2025 (KEC Kumanovë)

QKE Kumanovë (2025)

Kategoria	1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12
MV1	181.884	299.118	238.521	185.856	142.210	152.031	199.800	182.394	232.589	264.393	269.574	244.434
MV2	2.109.561	1.917.671	1.558.947	1.426.435	1.435.226	1.658.583	1.993.971	1.725.638	1.607.175	1.941.327	2.069.488	2.482.601
LV1.1	318.877	277.842	287.830	250.348	222.402	201.065	211.295	232.182	241.653	262.487	296.263	317.198
LV1.2	1.621.880	1.427.025	1.240.832	1.211.528	1.142.362	1.176.406	1.357.777	1.228.403	1.140.205	1.326.778	1.317.781	1.585.883
LV2	3.754.645	2.957.499	2.333.872	2.150.922	2.040.516	1.949.707	1.507.186	1.570.368	1.429.561	1.248.713	1.317.613	1.297.742
Totals	35.986.848	31.879.157	26.690.004	23.230.091	19.187.717	18.185.930	22.271.101	19.938.987	17.512.194	24.943.599	25.116.413	34.371.872

Amëvistritë & harxhuesit e vegjël

	1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12
Amëvistritë	27.808.232	24.291.615	20.267.317	17.465.482	13.734.089	12.319.825	15.243.497	13.321.459	11.451.857	18.283.025	18.149.759	26.014.063
Harxhuesit e vegjël	1.805.488	1.653.481	1.288.216	1.084.824	1.066.612	985.422	1.267.435	1.278.531	959.561	991.464	1.040.900	1.302.726
Totali	29.613.720	25.945.097	21.555.533	18.550.306	14.800.700	13.305.247	16.510.932	14.599.990	12.411.418	19.274.490	19.190.659	27.316.789

Burime të ripërtëritshme të energjisë	Numri i projekteve të realizuara	nr.	COUNTIF(PV, Po)	12	PV dhe BRE të tjera
Ngrohje	Numri i objekteve me termopompë	nr.	COUNTIF(termopompë, Po)	1	
Furnizimi me ujë	Fuqia e instaluar e pompave	kW	SUM(ujësjellës kW)	98,1	Nga të dhënat e dorëzuara për pompat
Furnizimi me ujë	Konsumi i energjisë elektrike për pompa	kWh/vit	SUM(ujësjellës)	179032,5	Përditësohet kur futen orët e punës
Ndriçimi publik	Konsumi i energjisë elektrike	kWh/vit	Ndriçimi publik	0	
Ndriçimi publik	Përqindja e ndriçuesve LED	%	LED / gjithsej		
E-mobiliteti	Numri i automjeteve elektrike të regjistruara	nr.	MPB / Komuna	0	
E-mobiliteti	Numri i biçikletave elektrike / automjeteve të lehta elektrike	nr.	Komuna / anketa / regjistra	0	
E-mobiliteti	Numri i mbushësve / stacioneve të mbushjes	nr.	Komuna / operatorë	0	
Parku i automjeteve	Numri total i automjeteve zyrtare	nr.	COUNTA(automjete)	0	Automjetet zyrtare të komunës
Parku i automjeteve	Konsumi total i karburantit	l/vit	SUM(l/vit)	0	

Parku i automjeteve	Kostot totale të karburantit	MKD/vit	SUM(MKD/vit)	0	
Parku i automjeteve	Emetimet CO_2 nga parku i automjeteve	t/vit	SUM(CO_2 karburant)	0	
Parku i automjeteve	Kursimi potencial me EV	MKD/vit	SUM(kursim)	0	
Parku i automjeteve	Reduktimi potencial i CO_2 me EV	t/vit	SUM(CO_2 reduktim)	0	
Parku i automjeteve	Numri i automjeteve të përshtatshme për zëvendësim me EV	nr.	COUNTIF(opsion EV,Po)	0	
Varfëria energjetike	Numri i amvisërive të përfshira me masa	nr.	Fleta 05	#REF!	
Varfëria energjetike	Ulja e kostove të energjisë	%	Fleta 05	#REF!	
CO_2	Emetimet totale CO_2 me parkun e automjeteve	t/vit	CO_2 objekte + ujësjellës + ndriçim + park automjetesh	#VALUE!	KPI i zgjeruar me automjete zyrtare
CO_2	Reduktimi i CO_2 nga PV	t/vit	PV × faktor	0	
CO_2	Reduktimi i planifikuar i CO_2 nga masat	t/vit	SUM(reduktim i planifikuar)	0	

Këshilli i Komunës së Likovës
Kryetar,
Zekirja Shaini

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА ЛИПКОВО - KOMUNA E LIKOVËS
Бр. Nr. 08-591/19
01.06. 2026 год. viti
ЛИПКОВО - LIKOVË

Врз основа на член 16 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25) како и врз основа на член 3 од Правилникот за формата, содржината и методологијата за изработка на општинскиот енергетски план („Сл.весник на РСМ“ бр. 54/26), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 202/24), член 40 став 1 точка 43 и член 66 од Статутот на Општина Липково („Службен гласник на Општина Липково“ бр. 01/06, 03/15, 01/19, 12/24 и 10/25), Советот на Општина Липково, согласно кој единиците на локалната самоуправа на годишно ниво изработуваат општински енергетски план за наредната година, по дадена согласност бр. 12-8640/1 од 27.05.2026 година, од страна Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Советот на Општина Липково на седницата одржана на 01.06.2026 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

за усвојување на Општинскиот енергетски план за 2027 година на Општина Липково

Член 1

Се усвојува Општинскиот енергетски план за 2027 година на Општина Липково, изработен согласно Законот за енергетика и Правилникот за формата, содржината и методологијата за изработка на општинскиот енергетски план.

Член 2

Општинскиот енергетски план за 2027 година, претставува стратешки и плански документ за развој на енергетскиот сектор во Општина Липково, со цел подобрување на енергетската ефикасност, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија, намалување на потрошувачката на енергија, намалување на емисиите на стаклени гасови и подобрување на енергетската сигурност на локално ниво.

Член 3

Се задолжува општинската администрација, во соработка со јавните претпријатија, јавните институции и другите надлежни субјекти, да презема активности за спроведување, следење и

Në bazë të nenit 16 të Ligjit për Energjetikë („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ nr. 101/25 dhe 135/25), si dhe në bazë të nenit 3 të Rregullores për formën, përmbajtjen dhe metodologjinë për përpilimin e planit komunal energjetik („Gazeta Zyrtare e RMV-së“ nr. 54/26), nenit 36 të Ligjit për vetëqeverisje lokale („Gazeta Zyrtare e RM-së“ nr. 05/02 dhe „Gazeta Zyrtare e RMV-së“ nr. 202/24), nenit 40 paragrafi 1 pika 43 dhe nenit 66 të Statutit të Komunës së Likovës („Gazeta Zyrtare e Komunës së Likovës“ nr. 01/06, 03/15, 01/19, 12/24 dhe 10/25), Këshilli i Komunës së Likovës, në pajtim me të cilin njësitë e vetëqeverisjes lokale në nivel vjetor përpilojnë plan komunal energjetik për vitin vijues, pas dhënies së Pëlqimit nga Ministria e energjisë, minierave dhe lëndëve të para nr. 12-8640/1 më datë 27.05.2026, këshilli i Komunës së Likovës, në seancën e mbajtur më 01.06.2026, miratoi këtë:

VENDIM

për miratimin e Planit Energjetik Komunal për vitin 2027 të Komunës së Likovës

Neni 1

Miratohet Plani Energjetik Komunal për, vitin 2027 i Komunës së Likovës i përgatitur në përputhje me Ligjin për Energjetikë dhe Rregulloren për formën, përmbajtjen dhe metodologjinë për përgatitjen e Planit Energjetik Komunal.

Neni 2

Plani komunal energjetik për vitin 2027 paraqet dokument strategjik dhe planifikues për zhvillimin e sektorit energjetik në Komunën e Likovës, me qëllim të përmirësimit të efikasitetit energjetik, rritjes së përdorimit të burimeve të ripërtëritshme të energjisë, zvogëlimit të konsumit të energjisë, zvogëlimit të emetimeve të gazeve serrë dhe përmirësimit të sigurisë energjetike në nivel lokal.

Neni 3

Obligohet administrata komunale, në bashkëpunim me ndërmarrjet publike, institucionet publike dhe subjektet e tjera kompetente, të ndërmarrë aktivitete për zbatimin,

ажурирање на мерките и активностите предвидени во Општинскиот енергетски план.

monitorimin dhe përditësimin e masave dhe aktiviteteve të parapara në Planin Energjetik Komunal.

Член 4

Следењето на реализацијата на планот ќе се врши преку систем за мониторинг, индикатори за перформанси (KPI), редовно прибирање на податоци и периодично известување, согласно методологијата утврдена со Правилникот.

Neni 4

Monitorimi i realizimit të planit do të kryhet përmes sistemit të monitorimit, indikatorëve të performancës (KPI), mbledhjes së rregullt të të dhënave dhe raportimit periodik, në përputhje me metodologjinë e përcaktuar me Rregullore.

Член 5

Општинскиот енергетски план на Општина Липково за 2027 година, ќе се применува во 2027 година.

Neni 5

Plani komunal energjetik i Komunës së Likovës për vitin 2027, do të zbatohet në vitin 2027.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службеното гласило на Општина Липково".

Neni 6

Ky Vendim hyn në fuqi në ditën e miratimit dhe do publikohet në gazetën zyrtare të Komunës së Likovës.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЛИПКОВО
KËSHILLI I KOMUNËS SË LIKOVËS
Претседател/Kryetar,
Zekirja Shaini

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЛИПКОВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА ЛИПКОВО - KOMUNA E LIKOVËS
Бр. Nr. 08-591/19
01.06. 2026 год. viti
ЛИПКОВО-LIKOVË



ОПШТИНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ ПЛАН 2027

Изработено од:
Општина Липково
(во соработка со релевантни институции и експерти)

Одобрено од:
Градоначалник на Општина Липково

Еркан Арифи

Усвоено од:

Совет на Општина Липково

Липково: 01.06.2026

Содржина

1. Вовед

1.1. Информации за единицата на локалната самоуправа, опис и цели на ОЕП **5**

1.1.1 Географска положба и просторни карактеристики 5

1.1.2 Демографски карактеристики 5

1.1.3 Економска структура 6

1.1.4 Јавна инфраструктура и објекти 6

1.1.5 Потенцијал за обновливи извори на енергија 6

1.2. Правна рамка 8

1.2.1. Закон за енергетика 8

1.2.2. Подзаконска рамка и Методологија 9

1.2.3. Закон за енергетска ефикасност 9

1.2.4. Други релевантни закони 9

1.2.5. Национални стратегии и политики 9

1.2.6. Усогласеност со европските политики 9

2. Анализа на постојната состојба 10

2.1. Потрошувачка на енергија 10

2.1.1.Секторска распределба на потрошувачката 10

2.1.2 Структура на потрошувачката по енергетски извори 13

2.1.3 Производство на енергија во Општина Липково 14

2.2 Преглед на постојната енергетска инфраструктура и капацитети 15

2.2.1 Потрошувачка на електрична енергија по категории 16

2.2.2 Потрошувачка - домаќинства и мали потрошувачи 17

3. Цели, Насоки и Приоритети 19

3.1 Цели за одржлив енергетски развој на единицата на локалната самоуправа 19

3.2 Поставување на годишни цели од аспект на подобрување на енергетската ефикасност и користење на енергија на ниво на единицата на локалната самоуправа 19

4. Листа на прифатливи иницијативи до 1 MW 20

4.1 Листа на прифатени иницијативи со инсталиран капацитет до 1 MW доставени до Општина Липково 20

4.2 Приоритетните мерки и проекти утврдени во општинскиот енергетски план, за кои е извршена проценка на трошоците и кои се воведени во годишната инвестициона програма на единицата на локалната самоуправа 21

5. Мерки и активности 21

5.1 Преглед на преземени мерки во претходната година и резултати од имплементација на мерките 23
5.2 Детален опис на предложените мерки и активности (технички, административни, едукативни и финансиски)....24
5.3 Одговорни субјекти за спроведување на мерките; 28
5.3.1 Систем за мониторинг и базна година....29
5.3.2 Одговорност и институционална поставеност....29
5.3.2 Известување....29
5.3.3 Итно известување 30
5.3.3. Follow-up и подобрување....30
5.3.4 Дигитализација и управување со податоци....30
5.4 Инвестиции и мерки за намалување на потрошувачката на енергија 31
5.5 Инвестиции и мерки за намалување на енергетската сиромаштија....32
5.6 Извори на финансирање (општински буџет, државни и меѓународни грантови и приватни инвестиции) и процена на трошоците во согласност со финансиската рамка 33
5.7 Анализа на економската оправданост 35
5.7.1 Пресметка на потребна топлинска енергија....36
5.7.2 Топлотни пумпи....36
5.7.3 Фотоволтаични системи 36
5.7.4 Мерки за енергетска ефикасност (фасада, кров, прозорци)....37
5.7.4 Финансирање на инвестициите....37
5.7.5 Општа формула за ROI....38
5.8 Јавно приватно партнерство со општината и 38
5.9 Индикатори за мониторинг (KPI) 39
5.10 Очекувани и резултати....41
6. Интегрирано планирање на општински енергетски капацитети и инфраструктура 42
6.1 Утврдување од страна на Министерството во соработка со операторот на електродистрибутивниот систем на најпогодни региони и локации за инвестиции во фотоволтаични електроцентрали со инсталирана моќност помала 1 MW....43
6.2 Утврдување на потреби од инфраструктура за дистрибуција на гас и греење 46
6.3. Анализа на потенцијали и ризици на локалниот енергетски систем....48
7. Транспарентност и вклученост на јавноста....49
7.1. Вклучување на јавноста преку процес на информирање и учество на граѓаните и засегнатите страни и....49

7.2. Механизми за промоција и информирање на јавноста преку локални медиуми, веб-страници и социјални мрежи.....49
8. Резиме.....50
8.1. Заклучок и збир на клучни точки од сите делови, кои се во согласност со стратешките цели, мерки и активности, финансиска рамка и индикатори за мониторинг 51
Анекс:.....53

1.1. Информации за единицата на локалната самоуправа, опис и цели на ОЕП

Овој Општински енергетски план (ОЕП) за Општина Липково се изработува за прв пат, како обврска која произлегува од важечката законска регулатива во областа на енергетиката и енергетската ефикасност.
Со изработката на овој план, Општината воспоставува систематски пристап кон управување со енергијата, планирање на потрошувачката и развој на проекти во областа на енергетиката.
Општина Липково располага со јавни објекти, системи за водоснабдување, како и со значителен потенцијал за развој на обновливи извори на енергија, особено во делот на фотонапонски системи.

- Целта на ОЕП е да обезбеди:
- подобро управување со енергетските ресурси;
- намалување на потрошувачката на енергија;
- зголемување на користењето на обновливи извори на енергија;
- намалување на емисиите на стаклени гасови;
- подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти и системи.

Географска положба и просторни карактеристики
Општина Липково има рурален карактер и располага со јавни објекти, водоснабдителен систем и природни ресурси кои овозможуваат развој на обновливи извори.
Општината се наоѓа во североисточниот дел на Република Северна Македонија, во непосредна близина на градот Куманово и претставува дел од Кумановскиот регион.
Територијата на општината се карактеризира со:

- ридско-планински терен,
- изразена просторна дисперзија на населени места,
- значајни природни ресурси, вклучително и водни акумулации.

Во рамките на општината се наоѓаат акумулациите Липково и Глажња, кои претставуваат значаен ресурс не само за водоснабдување, туку и потенцијал за развој на енергетски проекти.
Географските карактеристики имаат директно влијание врз:
развојот на инфраструктурата,
дистрибуцијата на електрична енергија,
достапноста на енергетските ресурси.
Ридско-планинскиот карактер и дисперзираноста на населението создаваат предизвици во однос на енергетската ефикасност, но истовремено нудат можности за развој на децентрализирани енергетски системи.
Демографски карактеристики
Општина Липково се карактеризира со население распределено во повеќе населени места, со доминантно рурален карактер.
Демографската структура има директно влијание врз:
моделот на потрошувачка на енергија,
начинот на греење,
користењето на енергетски ресурси.
Во најголем дел од домаќинствата, греењето се базира на традиционални извори како дрва, што укажува на:

- ограничена употреба на модерни системи,
- потенцијал за воведување на енергетски ефикасни технологии,

- потреба од мерки за намалување на енергетската сиромаштија.

Дополнително, дисперзијата на населението претставува предизвик за централизирани енергетски системи, но истовремено создава услови за примена на локални и децентрализирани решенија.

Економска структура

Економската активност во општината е претежно базирана на:

- земјоделство,
- мали и средни претпријатија,
- локален услужен сектор.

Индустриската активност е ограничена, што резултира со релативно ниска индустриска потрошувачка на енергија.

Од друга страна, значителен дел од потрошувачката е концентриран во:

- домаќинствата,
- јавните институции,
- комуналните услуги.

Оваа структура укажува дека најголем потенцијал за заштеда и оптимизација на енергијата постои во јавниот сектор и во комуналните системи.

Јавна инфраструктура и објекти

Општина Липково управува со значителен број јавни објекти, меѓу кои:

- основни училишта,
- детски градинки,
- административни објекти,
- објекти од комунален карактер.

Овие објекти претставуваат клучни потрошувачи на енергија и воедно најважен сегмент за имплементација на мерки за енергетска ефикасност.

Во однос на нивната енергетска состојба, карактеристично е:

- постоење на објекти со застарени фасади,
- ниско ниво на термичка изолација,
- употреба на неефикасни системи за греење.

Во претходниот период, во дел од објектите се реализирани активности за поставување на фотоволтаични системи, што претставува позитивен пример за користење на обновливи извори на енергија.

Овие искуства создаваат основа за понатамошно проширување на ваквите инвестиции.

Потенцијал за обновливи извори на енергија

Општина Липково располага со значителен потенцијал за развој на обновливи извори на енергија, како и за подобрување на енергетската ефикасност, што претставува основа за одржлив енергетски развој на локално ниво.

Потенцијали:

<u>Фотоволтаична енергија (PV)</u>

Општината има поволни услови за развој на фотонапонски системи, имајќи предвид:

- високото ниво на сончево зрачење во регионот;
- достапноста на површини погодни за инсталација;
- можноста за користење на кровните површини на јавните објекти.

Овие фактори овозможуваат релативно брза и економски оправдана имплементација на фотонапонски проекти.

Хидроенергија

Постоењето на акумулациите Липково и Глажња претставува значаен потенцијал за развој и ревитализација на хидроенергетски капацитети.

Општината има интерес од:

- економски придобивки;
- развој на локалната инфраструктура;
- потенцијални приходи од концесии.

Ветерна енергија

Со оглед на ридско-планинскиот терен, постои потенцијал за искористување на ветерната енергија, особено во повисоките делови на општината.

Сепак, потребни се дополнителни мерења и технички анализи за да се потврди економската оправданост.

Биомаса

Со оглед на значајното присуство на шумски површини на територијата на општината, постои реален потенцијал за користење на биомаса како енергетски извор.

Биомасата може да се користи за:

- греење на јавни објекти;
- локални системи за централно греење (мини топлани);
- комбинирани системи со висока ефикасност.

Предностите вклучуваат:

- користење на локален ресурс;
- намалување на зависноста од увоз на енергенси;
- намалување на емисиите во споредба со фосилни горива.

Топлотни пумпи (термопумпи)

Топлотните пумпи претставуваат современо и енергетски ефикасно решение за греење и ладење на објекти.

Во услови на општината, тие се особено погодни за:

- јавни објекти (училишта, градинки, администрација);
- замена на системи на дрва и нафта;
- комбинирање со PV системи.

Нивната примена овозможува:

- значително намалување на потрошувачката на енергија;
- стабилни оперативни трошоци;
- подобрување на енергетската ефикасност.

Мултифункционални енергетски системи

Во современото енергетско планирање, значајно место имаат мултифункционалните единици кои комбинираат повеќе технологии, како што се:

- PV системи + батерии;
- PV + топлотни пумпи;
- биомаса + системи за централно греење.

Овие системи овозможуваат:

- поголема енергетска независност;
- оптимизација на потрошувачката;
- зголемена сигурност во снабдувањето со енергија.

Енергетска ефикасност како ресурс

Енергетската ефикасност претставува значаен „скриен“ ресурс.
Преку:

- подобрување на термичката изолација;
- модернизација на системите за греење;
- оптимизација на потрошувачката;
- може да се постигне значително намалување на потрошувачката и трошоците.

Ризици и ограничувања:
И покрај потенцијалите, постојат и одредени ризици:

- ограничен капацитет на електродистрибутивната мрежа;
- финансиски ограничувања;
- административни процедури;
- недостиг на детални податоци;
- потреба од координација со институции;

Дополнително:

- биомасата бара одржливо управување со шумите;
- топлотните пумпи бараат иницијална инвестиција;
- мултифункционалните единици бараат интегрирано планирање.

Заклучок:
Општина Липково има значаен потенцијал за развој на одржлив енергетски систем, при што приоритет треба да имаат:

- фотоволтаичните системи;
- мерките за енергетска ефикасност;
- користење на биомаса како локален ресурс;
- примена на топлотни пумпи и интегрирани системи.

1.2. Правна рамка

Планот е изработен согласно важечката законска и подзаконска рамка во областа на енергетиката, градежништвото и просторното планирање, и тоа:

- Законот за енергетика (член 16),
- Законот за енергетска ефикасност,
- Законот за градење,
- Законот за просторно и урбанистичко планирање,

како и релевантните подзаконски акти и стратегии кои произлегуваат од овие закони.
Планот е усогласен и со стратешките документи на национално ниво, како и со обврските кои произлегуваат од процесот на интеграција во Европската Унија.
Во таа насока, при изработката на планот се земени предвид и основните принципи и цели утврдени во релевантните директиви на Европската Унија, особено во делот на:

- зголемување на користењето на обновливи извори на енергија,
- подобрување на енергетската ефикасност,
- намалување на емисиите на стакленички гасови,
- одржлив урбан развој и енергетско планирање на локално ниво.

1.2.1. Закон за енергетика

Овој општински енергетски план е изработен во согласност со Законот за енергетика, кој претставува основен законски акт што ја регулира енергетската дејност во Република Северна Македонија.
Согласно член 16 од Законот за енергетика, единиците на локалната самоуправа се должни да изработуваат и донесуваат годишни општински енергетски планови.
Овие планови треба да содржат:

- преглед на мерките реализирани во претходниот период,
- утврдување на годишни цели за подобрување на енергетската ефикасност,

- идентификација на региони погодни за изградба на фотонапонски електроцентрали до 1 MW,
- анализа на потребите од енергетска инфраструктура,
- инвестиции и мерки за намалување на потрошувачката на енергија,
- мерки за намалување на енергетската сиромаштија.

1.2.2. Подзаконска рамка и Методологија

Согласно подзаконските акти донесени од Министерството за енергетика, општините се должни да го изработуваат општинскиот енергетски план согласно пропишана методологија, која ги дефинира:
структурата на планот,
начинот на пресметка на потрошувачката на енергија,
утврдување на индикатори (KPI),
начинот на следење и известување.
Општината е должна да го достави планот до надлежното министерство во пропишаниот рок.
Согласно важечката регулатива:

- заинтересираните субјекти можат да достават иницијативи за вклучување на проекти во општинскиот енергетски план најдоцна до **1 април** во тековната година;
- во исклучителни случаи, измена на планот може да се изврши врз основа на иницијативи доставени најдоцна до **1 октомври**;
- општината е должна да го достави донесениот општински енергетски план до Министерството за енергетика најдоцна до **15 мај**.

Со донесувањето на овој план, Општина Липково ја исполнува законската обврска и воспоставува основа за систематско управување со енергијата.

1.2.3. Закон за енергетска ефикасност

Законот за енергетска ефикасност ги утврдува обврските на јавните институции во однос на рационалното користење на енергијата.
Општината, како јавен субјект, има обврска:

- да спроведува мерки за енергетска ефикасност,
- да го намалува енергетскиот интензитет,
- да ги подобрува перформансите на јавните објекти.

Овој план е во согласност со овие обврски и предвидува конкретни активности за нивна реализација.

1.2.4. Други релевантни закони

Покрај основните закони, планот е усогласен и со:
Законот за градење - кој ги регулира условите за изградба на енергетски објекти
Законот за животна средина - кој ги дефинира еколошките стандарди
Законот за просторно и урбанистичко планирање - кој овозможува интеграција на енергетските проекти во просторните планови
Ова обезбедува дека сите мерки и проекти предвидени во планот се правно усогласени и применливи.

1.2.5. Национални стратегии и политики

Планот е усогласен со:

- Националниот енергетски и климатски план (ИНПЕК),
- националните стратегии за енергетика,
- стратегиите за декарбонизација.
- Овие документи поставуваат цели за:
- зголемување на обновливи извори,
- намалување на емисиите,
- подобрување на енергетската ефикасност.

1.2.6. Усогласеност со европските политики

Општинскиот енергетски план е усогласен со европските политики, вклучувајќи:

- Европскиот зелен договор (Green Deal),
- директивите за обновливи извори на енергија,
- директивите за енергетска ефикасност.
- Оваа усогласеност овозможува:
- пристап до европски фондови,
- подобрување на квалитетот на проектите,
- интеграција во европските енергетски политики.

2. АНАЛИЗА НА ПОСТОЈНАТА СОСТОЈБА

Енергетскиот систем во Општина Липково се карактеризира со доминантна потрошувачка на енергија и ограничено локално производство.
Со цел подобро разбирање на состојбата, анализата се базира на два клучни сегменти:

- потрошувачка на енергија и
- производство на енергија.

Овој пристап овозможува јасно идентификување на главните потрошувачи, како и потенцијалите за развој на локално производство од обновливи извори.

2.1. Потрошувачка на енергија

Финалната потрошувачка на енергија во Општина Липково може да се подели на неколку клучни сектори, кои ја одразуваат структурата на локалниот економски и социјален развој.
Со оглед на карактеристиките на општината, потрошувачката на енергија главно се распределува во следните сектори:

- транспорт;
- домаќинства;
- јавни објекти и сектор на услуги (администрација, образование, градинки);
- водоснабдување и комунални услуги;
- индустрија (со релативно мало учество).

Во споредба со развиени економии, каде доминираат индустријата и транспортот, во Општина Липково доминантна улога имаат домаќинствата и јавниот сектор, што е резултат на руралниот карактер и ограничената индустриска активност.

2.1.1.Секторска распределба на потрошувачката

Транспорт

Секторот транспорт претставува значаен потрошувач на енергија, кој е речиси целосно зависен од фосилни горива (дизел и бензин).
Потрошувачката е поврзана со индивидуалниот превоз и ограничената достапност на јавен транспорт.
Секторот транспорт претставува значаен потрошувач на енергија, кој е речиси целосно зависен од фосилни горива (дизел и бензин).
Потрошувачката е поврзана со индивидуалниот превоз и ограничената достапност на јавен транспорт.
Во услови на недостиг на детални податоци, транспортниот сектор се идентификува како еден од главните потрошувачи на фосилна енергија на локално ниво.
Со цел да се направи приближна процена на потрошувачката на нафтени деривати на локално ниво, беше применет индиректен метод базиран на национални статистички податоци и бројот на жители.

Според Годишниот извештај на Регулаторната комисија за енергетика, вкупната продажба на нафтени деривати во Република Северна Македонија во 2024 година изнесува 964.886 тони.

Доколку оваа вредност се стави во однос со вкупниот број на население во државата (околу 1,83 милиони жители), се добива просечна годишна потрошувачка од околу 0,52 тони по жител.

Врз основа на оваа методологија, за Општина Липково, која има приближно 30.000 жители, се проценува дека вкупната годишна потрошувачка на нафтени деривати изнесува околу 15.000 - 16.000 тони.

Оваа проценка има индикативен карактер, но овозможува да се согледа значењето на транспортниот сектор како еден од главните потрошувачи на енергија на локално ниво.

Дополнително, имајќи предвид дека во структурата на потрошувачката доминира дизел горивото со учество од околу 74%, може да се заклучи дека најголем дел од потрошувачката е поврзан со патниот транспорт и економските активности кои зависат од него.

И покрај тоа што се работи за проценка, овие податоци се доволни за идентификација на транспортниот сектор како приоритетен во процесот на намалување на потрошувачката на фосилни горива и намалување на емисиите на стакленѝчки гасови.
Со цел подетална анализа на потрошувачката на нафтени деривати, направена е процена на структурата на потрошувачката по видови горива, како и нивна конверзија во литри и енергетска вредност (kWh).

Вкупната проценета потрошувачка на нафтени деривати во Општина Липково изнесува околу 15.000 - 16.000 тони годишно, врз основа на националните податоци на Регулаторната комисија за енергетика.

Во структурата на потрошувачката доминира дизел горивото со околу 73,95%, по што следуваат бензините со околу 11,37%, додека остатокот го сочинуваат други деривати (течен нафтен гас, мазут и сл.).
Врз основа на ова, направена е следната процена:

- Дизел гориво: околу 11.500 - 12.000 тони годишно, што одговара на приближно 13,5 - 14 милиони литри, односно околу 135 - 140 GWh енергија.
- Бензини: околу 1.700 - 1.900 тони годишно, што одговара на приближно 2,3 - 2,5 милиони литри, односно околу 20 - 22 GWh енергија.

Од направената анализа може да се заклучи дека најголем дел од енергетската потрошувачка во транспортниот сектор се базира на дизел гориво, што е директно поврзано со користењето на патнички и товарни возила, како и земјоделска механизација.

Овие податоци дополнително ја потврдуваат потребата од постепена транзиција кон поефикасни и одржливи транспортни решенија, со цел намалување на потрошувачката на фосилни горива и емисиите на стакленѝчки гасови.
Вкупната енергетска потрошувачка од дизел и бензин надминува 150 GWh годишно.
Доколку во иднина дел од потрошувачката на дизел гориво и бензини постепено се замени со електрична енергија произведена од обновливи извори, тоа би имало значајно влијание врз локалниот енергетски систем.

Врз основа на направената проценка, потрошувачката на дизел гориво и бензини во Општина Липково одговара на повеќе од 150 GWh енергија годишно. Ова покажува дека транспортниот сектор претставува значаен енергетски сегмент и дека неговата постепена електрификација би ја зголемила потребата од локално и национално производство на електрична енергија од обновливи извори.

Во случај на целосна замена на оваа потрошувачка со електрична енергија од обновливи извори,

потребата за дополнително производство на електрична енергија би изнесувала приближно 150 GWh годишно во енергетски еквивалент.

Дополнително, ваквата замена би имала значаен еколошки ефект. Според индикативна пресметка, замената на околу 13,5-14 милиони литри дизел и 2,3-2,5 милиони литри бензин годишно би можела да придонесе за намалување на емисиите за околу 40.000-43.000 тони CO_2 годишно.
Вкупните емисии на CO_2 од транспортниот сектор се проценуваат на околу 40.000 - 43.000 тони годишно, што претставува значаен удел во вкупниот еколошки отпечаток на општината.

Ова укажува дека транспортниот сектор има голем потенцијал за декарбонизација, но истовремено бара долгорочно планирање на електродистрибутивната мрежа, локално производство од обновливи извори и постепено воведување на инфраструктура за електрична мобилност.
Иако вкупната енергетска вредност на потрошувачката на дизел и бензини изнесува над 150 GWh годишно, потребната електрична енергија во случај на електрификација на транспортот би била значително пониска.

Ова се должи на повисоката енергетска ефикасност на електричните возила во однос на возилата со мотори со внатрешно согорување. Според индикативни пресметки, реалната потреба од електрична енергија би изнесувала околу 40 - 50 GWh годишно.

Сепак, дури и ваквата вредност претставува значително зголемување на побарувачката на електрична енергија, што укажува на потребата од развој на нови капацитети од обновливи извори и соодветна модернизација на електродистрибутивната мрежа.
Оваа анализа претставува индикативна проценка базирана на национални податоци и демографски показатели, поради недостиг на детални локални податоци за потрошувачката на нафтени деривати. Во иднина, со цел обезбедување на попрецизни податоци за потрошувачката на нафтени деривати, општината ќе иницира соработка со надлежните институции.

Во таа насока, ќе се разгледа можноста за обезбедување на податоци од:

- Управата за јавни приходи (преку податоци за годишна продажба на горива на бензинските станици на територијата на општината);
- Министерството за внатрешни работи (преку податоци за број и структура на регистрирани возила).

Комбинирањето на овие податоци ќе овозможи изработка на попрецизна проценка на потрошувачката на горива на локално ниво и ќе придонесе за подобро планирање на мерките во транспортниот сектор.

Домаќинства

Домаќинствата претставуваат еден од најголемите потрошувачи на енергија во општината. Потрошувачката е насочена главно кон:

- загревање на простории;
- подготовка на топла вода;
- електрична енергија за апарати.

Како енергетски извори најчесто се користат:

- дрва (доминантно);
- електрична енергија;
- делумно други горива.

Јавни објекти и сектор на услуги

Овој сектор ги опфаќа:

- училишта;

- детски градинки;
- административни објекти.

Потрошувачката на енергија се користи за:

- греење;
- осветлување;
- работа на опрема.

Овој сектор има значителен потенцијал за подобрување на енергетската ефикасност.

Водоснабдување и комунални услуги

Системите за водоснабдување претставуваат еден од најголемите потрошувачи на електрична енергија на локално ниво.

Потрошувачката е поврзана со:

- работа на пумпни станици;
- континуирано снабдување со вода.

Индустрија

Индустрискиот сектор има релативно мало учество во вкупната потрошувачка на енергија во општината.

Ова укажува дека:

- економската активност е ограничена;
- потенцијалот за намалување на потрошувачката е најголем во другите сектори.

2.1.2 Структура на потрошувачката по енергетски извори

Потрошувачката на енергија во Општина Липково се карактеризира со доминантна употреба на традиционални и фосилни извори, со постепено зголемување на користењето на електрична енергија и обновливи извори.

Главните енергетски извори се:

Дрва (биомаса)

Дрвата претставуваат најзначаен извор на енергија, особено во секторот домаќинства.

Карактеристики:

- локално достапен ресурс;
- широко користен за греење;
- ниска енергетска ефикасност;
- влијание врз квалитетот на воздухот.

Електрична енергија

Електричната енергија се користи во сите сектори:

- домаќинства;
- јавни објекти;
- водоснабдување.

Се користи за:

- осветлување;
- апарати;
- делумно греење (инвертери, топлински пумпи).

Податоците за потрошувачката на електрична енергија се обезбедени од ЕВН и се однесуваат на КЕЦ Куманово, кој ги опфаќа општините Куманово, Липково и Старо Нагоричане.

Вкупната потрошувачка на електрична енергија се прикажува на ниво на КЕЦ, со оглед на тоа што не постојат целосно дезагрегирани податоци по општини.

За секторот домаќинства, извршена е индикативна распределба на потрошувачката врз основа на бројот на жители, со цел да се добие приближна слика за потрошувачката во Општина Липково.

$$E_{house,Lipkovo} = E_{house,KEC} \cdot \frac{N_{Lipkovo}}{N_{KEC}}$$

Овој пристап претставува индикативна проценка и се користи поради недостиг на детални локални податоци. Во иднина, ќе се работи на обезбедување на податоци за потрошувачката на електрична енергија на ниво на општина, во соработка со операторот на дистрибутивниот систем.

Нафта и нафтени деривати
Се користат главно во:

- транспорт;
- дел од системите за греење.

Карактеристики:

- висока зависност од увоз;
- нестабилни цени;
- негативно влијание врз животната средина.

Обновливи извори на енергија
Во општината постои почетна примена на:

- фотонапонски системи;
- мали хидроелектрани.

Потенцијалот за нивно проширување е значителен.

2.1.3 Производство на енергија во Општина Липково

Производството на енергија во Општина Липково е релативно ограничено и главно се базира на обновливи извори на енергија.

Во споредба со потрошувачката, локалното производство учествува со значително помал удел, што укажува на зависност од надворешни извори, односно од електродистрибутивната мрежа.
Сепак, постојат одредени капацитети и потенцијали кои претставуваат основа за понатамошен развој на локалното производство.

Структура на производството по енергетски извори
Хидроенергија
Хидроенергијата претставува најзначаен извор на локално производство на електрична енергија во општината.
На територијата на Општина Липково функционираат следните мали хидроелектрани:

- МХЕЦ „Брестјанска река 138“ со инсталирана моќност од 666 kW, пуштена во употреба во 2013 година;
- МХЕЦ „Камена река 125“ со инсталирана моќност од 2.4 MW, пуштена во употреба во 2015 година.

Овие капацитети придонесуваат за производство на електрична енергија од обновливи извори и имаат позитивно влијание врз зголемувањето на уделот на чиста енергија.
Покрај активните капацитети, постои потенцијал за ревитализација на постојни хидроенергетски објекти во рамките на акумулациите Липково и Глажња.

Фотоволтаична енергија (PV)
Во општината постои почетна примена на фотонапонски системи, особено на јавни објекти и во последно време приватни иницијативи и инвестиции.
Овие системи овозможуваат:

- производство на електрична енергија на локално ниво;
- намалување на потрошувачката од електродистрибутивната мрежа;
- намалување на оперативните трошоци.

Иако моменталниот капацитет е ограничен, постои значителен потенцијал за проширување, особено преку:

- кровни PV системи на јавни објекти;
- комерцијални и приватни инвестиции.

Биомаса
Иако во моментот не постојат организирани системи за производство на енергија од биомаса, општината располага со значителен потенцијал во оваа област, поради присуството на шумски површини.
Биомасата може да се користи за:

- локално производство на топлинска енергија;
- мали системи за централно греење;
- комбинирани енергетски системи.

Развојот на овој сегмент бара дополнителни технички и економски анализи.

Други обновливи извори (ветер, сончева топлинска енергија)
Постои потенцијал за користење на ветерна енергија, особено во повисоките делови на општината.
Сепак, за овој тип на енергија се потребни:

- детални мерења на ветерниот потенцијал;
- технички анализи;
- процена на економската оправданост.

Заклучок за производството
Производството на енергија во Општина Липково:

- е ограничено и базирано претежно на обновливи извори;
- не ги задоволува локалните потреби;
- покажува потенцијал за развој, особено во делот на PV системи и биомаса.

Зголемувањето на локалното производство претставува клучен фактор за:

- намалување на зависноста од електродистрибутивната мрежа;
- зголемување на енергетската сигурност;
- подобрување на одржливоста на локалниот енергетски систем.

2.2 Преглед на постојната енергетска инфраструктура и капацитети

Постојната енергетска инфраструктура на Општина Липково се состои од електродистрибутивна мрежа, системи за водоснабдување, јавно осветлување и локални енергетски капацитети базирани претежно на обновливи извори на енергија.
Електродистрибутивната мрежа е управувана од операторот на дистрибутивниот систем (ЕВН) и претставува главен извор за снабдување со електрична енергија на сите потрошувачи на територијата на општината. Со оглед на руралниот карактер и дисперзијата на населението, мрежата се карактеризира со:

- долги дистрибутивни линии,
- зголемени технички загуби,
- ограничен капацитет за приклучување на нови производствени капацитети.

Ова претставува значаен предизвик за развој на нови фотонапонски системи и други обновливи извори на енергија, особено во оддалечените населени места.
Во делот на водоснабдување, системот се базира на повеќе пумпни станици кои претставуваат значителен потрошувач на електрична енергија. Потрошувачката е континуирана и директно поврзана со сигурноста на снабдувањето со вода.
Јавното осветлување во општината е во најголем дел модернизирано со LED технологија, што претставува значаен позитивен чекор во намалување на потрошувачката на електрична енергија и оперативните трошоци.

Во делот на локалното производство на енергија, присутни се:

- мали хидроелектрани,
- почетни фотонапонски системи на јавни објекти.

Сепак, вкупниот капацитет е ограничен и не ги задоволува локалните потреби, што укажува на зависност од надворешно снабдување.
Заклучно, енергетската инфраструктура обезбедува основно функционирање на системот, но бара:

- модернизација на мрежата,
- зголемување на локалното производство,
- интеграција на паметни системи за управување со енергијата.

КЕЦ Куманово со електрична енергија напојува три општини: Куманово, Липково и Старо Нагоричане.
Вкупните карактеристики на ова подрачје се:

- вкупна површина од 1.191 km²,
- број на жители: 137.380,
- број на мерни места (броила): 54.817.

Поради недостиг на детални податоци за потрошувачката на електрична енергија на ниво на поединечни општини, анализата во овој план се базира на индикативна распределба на вкупната потрошувачка на ниво на КЕЦ Куманово.
Имено, податоците за потрошувачката се достапни агрегирано за регионот на КЕЦ Куманово, кој ги опфаќа општините Куманово, Липково и Старо Нагоричане. Со цел да се добие приближна слика за потрошувачката на електрична енергија во Општина Липково, применет е клуч на распределба базиран на бројот на жители.
Овој пристап се базира на претпоставката дека потрошувачката на електрична енергија е во корелација со бројот на население, што овозможува приближна, но аналитички оправдана проценка.
Во таа насока, вкупната потрошувачка на електрична енергија е распределена пропорционално на уделот на населението на Општина Липково во однос на вкупниот број жители во рамките на КЕЦ Куманово.
Иако овој пристап претставува поедноставена методологија, тој е широко прифатен во услови на недостиг на детални податоци и обезбедува доволна аналитичка основа за стратешко планирање.
Во однос на енергетската инфраструктура, важно е да се напомене дека на територијата на Општина Липково не постои развиена гасна инфраструктура, при што најблиската точка на приклучок се наоѓа во градот Куманово. Ова претставува ограничување за користење на природниот гас како алтернативен енергенс во локални услови.
Дополнително, високонапонската преносна мрежа (400 kV) се наоѓа на поголема оддалеченост од општината, што претставува ограничувачки фактор во однос на приклучување на поголеми производствени капацитети и развој на енергетски интензивни проекти.
Овие фактори дополнително ја нагласуваат потребата од развој на децентрализирани енергетски системи, како што се фотоволтаични системи, системи базирани на биомаса и други локални решенија.

2.2.1 Потрошувачка на електрична енергија по категории

Потрошувачката на електрична енергија на ниво на КЕЦ Куманово за 2025 година, распределена по категории на потрошувачи, изнесува:

- MV1: **2.532.904 kWh (2.532,90 MWh),**
- MV2: **21.925.209 kWh (21.925,21 MWh),**
- LV1.1: **3.119.542 kWh (3.119,54 MWh),**
- LV1.2: **15.776.866 kWh (15.776,87 MWh).**
-

Вкупната потрошувачка во овие категории изнесува:
259.169.430 kWh (259.169,43 MWh).

Дополнително, вкупната потрошувачка на ниво на КЕЦ Куманово, вклучувајќи ги сите категории на потрошувачи, изнесува:
299.415.298 kWh (299.415,30 MWh).

Додека вкупната испорачана електрична енергија (вклучувајќи загуби и други категории) изнесува:
302.523.950 kWh (302.523,95 MWh).

2.2.2 **Потрошувачка - домаќинства и мали потрошувачи**
Во сегментот на домаќинства и мали потрошувачи, потрошувачката изнесува:

- Домаќинства: **218.350.220 kWh (218.350,22 MWh)**
- Мали потрошувачи: **14.724.660 kWh (14.724,66 MWh)**

Вкупно:
233.074.881 kWh (233.074,88 MWh).

Од анализата може да се заклучи дека најголем дел од потрошувачката се однесува на категоријата домаќинства (LV2), што укажува на доминантна улога на резиденцијалниот сектор во вкупната потрошувачка на електрична енергија.
Потрошувачката на електрична енергија во секторот домаќинства на ниво на КЕЦ Куманово за 2025 година изнесува **218.350.220 kWh**.
Со оглед на тоа што не постојат детални податоци за потрошувачката на електрична енергија на ниво на поединечни општини, проценката за Општина Липково е извршена со примена на клуч на распределба базиран на бројот на жители.
Имајќи предвид дека Општина Липково има приближно **30.000 жители**, односно околу **21,8%** од вкупното население во рамките на КЕЦ Куманово, потрошувачката на електрична енергија во секторот домаќинства се проценува на:

- **47.681.661 kWh годишно,** (односно **47,68 GWh**).

Оваа проценка има индикативен карактер и служи за потребите на стратешко планирање. Во иднина, се очекува операторот на дистрибутивниот систем (ЕВН) да обезбеди подетална распределба на податоците на ниво на општини, што ќе овозможи попрецизно следење и анализа на потрошувачката.

Табела 1: Месечна потрошувачка на електрична енергија по категории за 2025 година (КЕС Куманово)

КЕС Куманово (2025)

Категорија	1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12
MV1	181.884	299.118	238.521	185.856	142.210	152.031	199.800	182.394	232.589	264.393	269.574	244.434
MV2	2.109.561	1.917.671	1.558.947	1.426.435	1.435.226	1.658.583	1.993.971	1.725.638	1.607.175	1.941.327	2.069.488	2.482.601
LV1.1	318.877	277.842	287.830	250.348	222.402	201.065	211.295	232.182	241.653	262.487	296.263	317.198
LV1.2	1.621.880	1.427.025	1.240.832	1.211.528	1.142.362	1.176.406	1.357.777	1.228.403	1.140.205	1.326.778	1.317.781	1.585.883
LV2	3.754.645	2.957.499	2.333.872	2.150.922	2.040.516	1.949.707	1.507.186	1.570.368	1.429.561	1.248.713	1.317.613	1.297.742
Totals	35.986.848	31.879.157	26.690.004	23.230.091	19.187.717	18.185.930	22.271.101	19.938.987	17.512.194	24.943.599	25.116.413	34.371.872

Домаќинства & мали потрошувачи

Категорија	1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12
домаќинства	27.808.232	24.291.615	20.267.317	17.465.482	13.734.089	12.319.825	15.243.497	13.321.459	11.451.857	18.283.025	18.149.759	26.014.063
Мали потрошувачи	1.805.488	1.653.481	1.288.216	1.084.824	1.066.612	985.422	1.267.435	1.278.531	959.561	991.464	1.040.900	1.302.726
вкупно	29.613.720	25.945.097	21.555.533	18.550.306	14.800.700	13.305.247	16.510.932	14.599.990	12.411.418	19.274.490	19.190.659	27.316.789

3. ЦЕЛИ, НАСОКИ И ПРИОРИТЕТИ

Врз основа на анализата на постојната состојба и реализираните мерки, Општина Липково ги дефинира следните стратешки цели за 2027 година.

Целите се насочени кон:

- намалување на потрошувачката на енергија,
- зголемување на користењето на обновливи извори на енергија,
- подобрување на енергетската ефикасност,
- намалување на емисиите на стакленички гасови,
- оптимизација на трошоците за енергија.

3.1 Цели за одржлив енергетски развој на единицата на локалната самоуправа

Општи цели

Општината има за цел да постигне:

- намалување на вкупната потрошувачка на енергија во јавниот сектор за најмалку **10%**;
- зголемување на уделот на обновливи извори на енергија;
- подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти;
- намалување на оперативните трошоци за енергија.

Цели во делот на обновливи извори на енергија (PV)

Во делот на фотонапонските системи, општината поставува следните цели:

- инсталација на нови PV системи на јавни објекти;
- зголемување на вкупниот инсталиран капацитет за најмалку **+2000 - 3000 kW**;
- зголемување на годишното производство на електрична енергија од PV системи;
- намалување на зависноста од електродистрибутивната мрежа.

Цели во делот на животна средина

Општината има за цел:

- намалување на емисиите на CO_2;
- подобрување на квалитетот на воздухот;
- намалување на употребата на фосилни горива.
- Цел:
- намалување на емисиите за **10-15%**
- Овие цели се дефинирани врз основа на анализата од поглавје 2.

3.2 Поставување на годишни цели од аспект на подобрување на енергетската ефикасност и користење на енергија на ниво на единицата на локалната самоуправа

Во делот на енергетска ефикасност, се поставуваат следните цели:

- реновирање на дел од јавните објекти (училишта и градинки);
- намалување на топлинските загуби преку фасади и изолација;
- подобрување на енергетските перформанси на објектите;
- намалување на потрошувачката на енергија по m^2.

Цел:

намалување на потрошувачката за најмалку **20-30 %** кај објектите каде се применуваат мерки.

Цели во делот на системи за греење

Во делот на греење, општината има за цел:

- постепена замена на системите на дрва и нафта;
- воведување на топлотни пумпи во јавните објекти;
- подобрување на енергетската ефикасност на системите за греење;

Цел:
намалување на потрошувачката на фосилни горива за **15-20%**

Цели во делот на водоснабдување
Со оглед на високата потрошувачка на енергија во овој сектор:
- воведување на PV системи за пумпни станици;
- оптимизација на работата на системите;

Цел:
намалување на трошоците за електрична енергија за **10-15%**

4. ЛИСТА НА ПРИФАТЛИВИ ИНИЦИЈАТИВИ ДО 1 MW

Во рамките на Општина Липково постои значителен интерес за развој на енергетски проекти од страна на приватниот сектор.
Иако овие проекти не се во директна надлежност на општината, нивната реализација има значајно влијание врз:
- локалниот економски развој,
- зголемување на енергетските капацитети,
- користење на обновливи извори на енергија,
- подобрување на животната средина.

Општината, во координација со приватните инвеститори, операторите на системите (EVN), како и со надлежните министерства, ќе преземе активности за:
- организирање на работилници (workshops) со инвеститори;
- идентификација и мапирање на потенцијални локации за:
  – фотоволтаични електроцентрали,
  – проекти на биомаса;
  – анализа на можностите за приклучување на нови капацитети во електродистрибутивната мрежа;
- поддршка на деловни субјекти кои планираат инвестиции во:
  – PV системи на кровови;
  – олеснување на процесите преку:
  – иницирање на студии за изводливост,
  – координација со институциите,
  – поддршка при административни постапки.

4.1 Листа на прифатени иницијативи со инсталиран капацитет до 1 MW доставени до Општина Липково

Бр.	Назив на инвеститор	Локација	Катастрска Општина	Катастарска парцела	Инсталирана моќност во kW	Инсталирана моќност на батерија во kW и капацитет во kWh

1.	Фера Солар ДООЕЛ, Куманово	Липково	КО. Опае	390	994.0 kW	200.0 kW 465.92 kWh

4.2 Приоритетните мерки и проекти утврдени во општинскиот енергетски план, за кои е извршена проценка на трошоците и кои се воведени во годишната инвестициона програма на единицата на локалната самоуправа

Приоритетните мерки и проекти утврдени во Општинскиот енергетски план, за кои е извршена проценка на трошоците и кои се предвидени за постепено вклучување во годишните инвестициони програми на општината, опфаќаат:

- реконструкција и подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти;
- модернизација на системите за греење и постепена примена на топлотни пумпи;
- поставување на фотонапонски системи (PV) на јавни објекти;
- модернизација на јавното осветлување со LED технологија;
- поддршка на проекти за обновливи извори на енергија на територијата на општината;
- подготовка на техничка документација и проектна подготвеност за идни инвестиции.

Во рамките на постапките за планирање и развој на енергетската инфраструктура, на територијата на Општина Липково се евидентирани и иницијативи и проекти за изградба на фотонапонски електроцентрали, меѓу кои:

- ФЕЦ „Фера Солар“ ДООЕЛ Куманово;
- „Рамадани Ком“ ДООЕЛ с. Липково;
- „Ѓока Солар Повер“ ДООЕЛ с. Опае.

За дел од мерките и проектите е извршена првична проценка на инвестиционите трошоци, додека за дел од активностите ќе биде потребна дополнителна техничка и финансиска разработка во следните фази.
Реализацијата на мерките ќе зависи од финансиските можности на општината, достапноста на државни и меѓународни фондови, како и интересот на приватниот сектор.

5. **Мерки и активности**

Врз основа на извршената анализа и дефинираните цели, Општина Липково ги утврдува следните мерки и активности за 2027 година.
Мерките се насочени кон:

- подобрување на енергетската ефикасност,
- зголемување на користењето на обновливи извори на енергија,
- намалување на потрошувачката и трошоците,
- подобрување на животната средина.

A. Фотоволтаични системи (PV)

Мерки:

- инсталација на нови PV системи на јавни објекти;
- проширување на постојните системи;

- анализа на потенцијалот на кровни површини;

Активности:

- идентификација на објекти со најголема потрошувачка;
- подготовка на техничка документација;
- аплицирање за финансиски средства;
- имплементација на проекти;

Очекуван ефект:

- намалување на потрошувачката на електрична енергија;
- намалување на трошоците;
- зголемување на уделот на обновливи извори;

B. Енергетска ефикасност (објекти)

Мерки:

- реконструкција на фасади;
- замена на прозорци и врати;
- подобрување на термичка изолација;

Активности:

- енергетски преглед на објекти;
- приоритизација на објекти;
- изработка на проекти;
- реализација на мерките;

Очекуван ефект:

- намалување на топлинските загуби;
- намалување на потрошувачката на енергија;
- подобрување на условите во објектите;

C. Системи за греење

Мерки:

- замена на системите на дрва и нафта;
- воведување на топлотни пумпи;
- оптимизација на системите за греење;

Активности:

- анализа на постојните системи;
- избор на соодветна технологија;
- набавка и инсталација;

Очекуван ефект:

- зголемување на енергетската ефикасност;
- намалување на потрошувачката;
- намалување на емисиите;

D. Водоснабдување и прочистување

Мерки:

- инсталација на PV системи за пумпни станици;
- оптимизација на работата на системот;

Активности:

- анализа на потрошувачка на електрична енергија;
- избор на локации за PV;
- имплементација;

Очекуван ефект:

- намалување на трошоците;
- подобрување на енергетската ефикасност;

E. Јавно осветлување

Мерки:

- замена со LED светилки;
- воведување на паметни системи;

Активности:

- анализа на постојната инфраструктура;
- постепена замена;

Очекуван ефект:

- намалување на потрошувачката;
- подобрување на квалитетот на осветлување;

F. Биомаса и други извори

Мерки:

- користење на биомаса за греење;
- анализа на потенцијалот;

Активности:

- студии за изводливост;
- пилот проекти;

Очекуван ефект:

- намалување на употребата на фосилни горива;
- подобрување на одржливоста;

G. Транспорт и иновации

Мерки:

- развој на електричен транспорт;
- пилот проекти за јавен превоз;

Активности:

- анализа на потребите;
- аплицирање за грантови;

Очекуван ефект:

- намалување на емисиите;
- модернизација на транспортот;

5.1 Преглед на преземени мерки во претходната година и резултати од имплементација на мерките

Во текот на претходниот период, Општина Липково реализираше повеќе активности и мерки во насока на подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти и унапредување на локалниот енергетски систем.

Реализираните активности главно се однесуваат на:

- реконструкција и термичка изолација на училишни објекти;
- поставување на фотонапонски системи на дел од јавните објекти;
- модернизација на системите за греење;
- подобрување на енергетските услови во образовни институции и јавни објекти.

Во делот на образовните институции, реализирани се следните мерки:

• поставување на фотонапонски системи во:

- ООУ „Фаик Коница“ - Слупчане;
- ООУ „Антон Зако Чајупи“ - Хотла;
- ООУ „Култура“ - Матејче;
- ООУ „Дитурија“ - Гушинце;

• реконструкција и изведба на фасади во повеќе училишни објекти, меѓу кои:

- ООУ „Дитурија“ - Липково (2022/2023, Министерство за образование и наука);

- ООУ „Култура“ - Матејче;
- ООУ „5 Октомври“ - Ропалце;
- повеќе други јавни објекти и училишта.

Во дел од објектите е извршена и модернизација на системите за греење, при што:
- во најголем дел се користат системи на нафта;
- во одредени подрачни училишта се користат инвертер клима системи;
- во детската градинка „Валбона 2001“ - Матејче е инсталирана термопомпа.

Дополнително, во делот на комуналната инфраструктура, ЈКП „Пенда“ Липково располага со повеќе пумпни системи за водоснабдување, кои претставуваат значителен потрошувач на електрична енергија. Во системот се вклучени:
- пумпни станици за филтер станица и резервоари;
- локални водоснабдителни системи во Ваксинце, Хотла, Матејче, Виштица и Никуштак.

Реализираните мерки претставуваат значајна основа за понатамошен развој на енергетската ефикасност и интеграција на обновливи извори на енергија во општината.
Во текот на претходниот период, покрај реализираните мерки, Општина Липково спроведе и активности за подготовка на техничка и проектна документација за повеќе јавни објекти.
Во таа насока се подготвени проекти за:
- реконструкција, доградба и надградба на ООУ „7 Марси“ - с. Опае;
- реконструкција и санација на детска градинка „Резја“ - с. Оризаре;
- реконструкција и партерно уредување на ОУ „Фаик Коница“ - с. Слупчане;
- реконструкција на училишен објект во с. Гошинце;
- санација и партерно уредување на ООУ „Антон Зако Чајупи“ - с. Отља.

Во рамките на проектите се предвидени мерки за подобрување на енергетската ефикасност, како што се:
- термичка изолација;
- реконструкција на фасади и кровови;
- замена на столарија;
- подобрување на осветлувањето;
- подобрување на енергетските перформанси на објектите.

Подготовката на оваа документација претставува значајна основа за идни инвестиции и аплицирање за финансиска поддршка од домашни и меѓународни програми.

5.2 Детален опис на предложените мерки и активности (технички, административни, едукативни и финансиски)

❖ **МЕРКА 1:** ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ЈАВНИ ОБЈЕКТИ

Општината ќе спроведе мерки за подобрување на енергетската ефикасност во јавните објекти (училишта, административни објекти и други јавни институции).

Мерките вклучуваат:
- термичка изолација на фасади и покриви;
- замена на прозорци и врати;
- модернизација на системите за греење;

- оптимизација на внатрешното осветлување.

Оваа мерка ќе придонесе за намалување на потрошувачката на енергија и трошоците за енергија во јавниот сектор.

❖ **МЕРКА 2**: ВОВЕДУВАЊЕ НА ТОПЛОТНИ ПУМПИ

Општината ќе поттикнува замена на неефикасните системи за греење со топлотни пумпи, особено во јавните објекти.

Дополнително, ќе се стимулира нивна примена и во домаќинствата преку информативни и финансиски мерки.

Оваа мерка ќе овозможи намалување на потрошувачката на фосилни горива и зголемување на енергетската ефикасност.
При анализата на можноста за замена на постојните системи за греење со топлотни пумпи, ќе се користи индикативен коефициент на ефикасност (COP), кој ќе служи за пресметка на очекуваната потрошувачка на електрична енергија.

Конечниот COP ќе зависи од типот на топлотната пумпа, температурниот режим на работа, состојбата на објектот и начинот на користење.

❖ **МЕРКА 3**: ФОТОНАПОНСКИ СИСТЕМИ (PV)

Општината ќе поттикнува инсталација на фотонапонски системи на јавни објекти, со цел производство на електрична енергија од обновливи извори. Дополнително, ќе се стимулира нивна примена и во приватниот сектор.
Оваа мерка ќе придонесе за намалување на зависноста од електродистрибутивната мрежа и зголемување на локалното производство.

❖ **МЕРКА 4:** ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ (LED)

Општината ќе спроведе замена на постојното јавно осветлување со LED технологија.

Оваа мерка ќе овозможи значително намалување на потрошувачката на електрична енергија и подобрување на квалитетот на осветлувањето.

❖ **МЕРКА 5**: ДИГИТАЛЕН СИСТЕМ ЗА СЛЕДЕЊЕ

Општината ќе воспостави систем за следење на потрошувачката на енергија во јавните објекти.

Системот ќе овозможи:

- редовно прибирање на податоци;
- анализа на потрошувачката;
- подобро планирање на идните мерки;
- откривање на евентуални дефекти или пореметувања во работата на системите.

❖ **МЕРКА 6**: ЕЛЕКТРИЧНА МОБИЛНОСТ

Општината ќе го следи развојот на електричната мобилност и ќе поттикнува постепено воведување на електрични возила.
Дополнително, ќе се разгледа можноста за поставување на јавни станици за полнење.

Со цел подобро планирање на развојот на електричната мобилност, општината ќе иницира соработка со надлежните институции, особено со Министерството за внатрешни работи, со цел обезбедување на податоци за бројот на регистрирани електрични возила на локално ниво.

Овие податоци ќе овозможат подобро следење на трендовите и планирање на инфраструктурата за полнење.

❖ **МЕРКА 7**: СУБВЕНЦИИ (ВАУЧЕР СИСТЕМ)

Со цел започнување на воспоставување на локален инвентар на енергетски технологии и подобрување на базата на податоци, а во согласност со буџетските можности, општината ќе воведе систем на финансиски стимул (ваучери) за граѓаните.

Се предлага соодветна субвенција за домаќинствата кои ќе пријават и документираат инсталација на:

- топлотни пумпи;
- инвертер клими;
- фасадна изолација;
- замена на прозорци;

Оваа мерка, покрај поттикнување на енергетската ефикасност, ќе овозможи постепено воспоставување на локален инвентар на енергетски уреди и системи, што ќе придонесе за попрецизно планирање и следење на енергетските трендови во општината.

❖ **МЕРКА 8**: СИСТЕМ ЗА ЕНЕРГЕТСКО УПРАВУВАЊЕ (ENERGY MANAGEMENT)

Со цел подобрување на управувањето со потрошувачката на енергија, Општина Липково ќе воспостави систем за енергетско управување (Energy Management System - EMS) во јавните објекти.

Системот ќе се базира на континуирано следење, анализа и оптимизација на потрошувачката на енергија, со цел постигнување на повисока енергетска ефикасност и намалување на трошоците.

Мерката опфаќа:

- воведување на централизиран систем за следење на потрошувачката на енергија;
- дефинирање на одговорни лица (енергетски менаџер или одговорно лице во институцијата);
- редовна анализа на потрошувачката и идентификација на неефикасности;
- поставување на оперативни цели за намалување на потрошувачката;
- оптимизација на работата на системите за греење, ладење и осветлување;
- подготовка на редовни извештаи за потрошувачката и перформансите.

Активности:

- собирање и систематизација на податоци за потрошувачка на енергија;

Активностите опфаќаат собирање, обработка и систематизација на податоци за потрошувачката на електрична енергија, топлинска енергија, горива и други енергенси во сите објекти кои се во надлежност или користење на општината. Податоците ќе се прибираат редовно, преку месечни извештаи, фактури и теренски проверки, со цел создавање на единствена база на податоци за следење на енергетската состојба.

- анализа на трендови и споредба со базната година;

Врз основа на прибраните информации ќе се врши анализа на трендовите на потрошувачка, споредба со претходните години и утврдување на базна година за следење на напредокот. Анализите ќе овозможат идентификација на периоди со зголемена потрошувачка, утврдување на причините за нерационално користење на енергијата и проценка на ефектите од преземените мерки за заштеда.

- идентификација на објекти со највисока потрошувачка;

Посебен акцент ќе се стави на идентификација на објектите со највисока потрошувачка на енергија, како и на објектите кај кои постои најголем потенцијал за подобрување на енергетската ефикасност. За овие објекти ќе се изработуваат предлог-мерки и препораки, кои може да вклучуваат замена на неефикасно осветлување, подобрување на изолацијата, оптимизација на системите за греење и ладење, користење на обновливи извори на енергија и воведување на современи системи за управување со потрошувачката.

- предлагање и имплементација на корективни мерки;

Во насока на подобрување на енергетската култура, ќе се организираат обуки, работилници и информативни активности за вработените во општинската администрација и јавните установи, со цел подигање на свеста за рационално користење на енергијата и намалување на непотребната потрошувачка. Преку овие активности ќе се поттикнува одговорно однесување и примена на секојдневни практики кои придонесуваат за енергетска ефикасност и намалување на трошоците.

- обука на вработените за рационално користење на енергија.

Дополнително, ќе се подготвуваат редовни извештаи за постигнатите резултати, заштедената енергија и реализираните мерки, со цел обезбедување транспарентност, подобро планирање и донесување на идни политики и инвестиции во областа на енергетската ефикасност.

Очекувани ефекти:

- намалување на потрошувачката на енергија без значајни инвестиции;

Со спроведувањето на предвидените активности се очекува значително подобрување во управувањето со потрошувачката на енергија и унапредување на енергетската ефикасност во општинските објекти и јавните институции. Преку редовно следење на потрошувачката, анализа на податоците и примена на организациски и технички мерки, ќе се создадат услови за поефикасно и поодговорно користење на енергенсите.

Еден од главните очекувани ефекти е намалување на потрошувачката на енергија без потреба од значајни финансиски инвестиции, особено преку промена на навиките, оптимизација на користењето на системите за осветлување, греење и ладење, како и преку подобра организација на работните процеси. Со воведување на редовен мониторинг и контрола, ќе се овозможи навремено откривање на непотребна или прекумерна потрошувачка и преземање на соодветни корективни мерки.

Дополнително, се очекува подобра контрола и планирање на буџетските трошоци поврзани со потрошувачката на електрична енергија, горива и други енергенси. Намалените оперативни трошоци ќе придонесат кон поекономично функционирање на јавните објекти и ослободување на финансиски средства за други приоритетни потреби на општината.

Спроведувањето на мерките ќе придонесе и за подобрување на енергетските перформанси на јавните објекти, преку поефикасно користење на постојната инфраструктура и постепено воведување на енергетски ефикасни решенија. Ова ќе овозможи подобри услови за работа, поголема функционалност на објектите и намалување на негативното влијание врз животната средина.

Особено значаен ефект се очекува во делот на подигање на свеста и одговорноста кај вработените за рационално користење на енергијата. Преку обуки, информативни

активности и практични насоки, вработените ќе бидат поттикнати да применуваат енергетски ефикасни навики во секојдневното работење, што долгорочно ќе придонесе за создавање култура на одржливо и одговорно управување со ресурсите.

- подобра контрола на трошоците;
- подобрување на енергетските перформанси на јавните објекти;
- зголемена свесност кај вработените за рационално користење на енергијата.

Оваа мерка претставува основа за систематско и долгорочно управување со енергијата и е предуслов за ефикасна имплементација на сите останати мерки предвидени во планот.

❖ **МЕРКА 9**: ИНИЦИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИ И ИНОВАТИВНИ ПРОЕКТИ

Општината ќе има активна улога во иницирање и промовирање на стратешки и иновативни проекти во енергетскиот сектор, кои поради својата големина и значење се реализираат во координација со Владата и надлежните министерства.

Овие проекти може да опфаќаат:
- изградба на поголеми иновативни појекти;
- развој на инфраструктура за електрична мобилност;
- енергетски заедници;
- дигитални системи за управување со енергија;
- други иновативни решенија во областа на енергетиката.

Улогата на општината ќе биде:
- идентификација на потенцијални локации и проекти;
- иницирање на постапки пред надлежните институции;
- координација со инвеститори и државни органи;
- поддршка во процесот на планирање и реализација.

Со ваков пристап, општината ќе придонесе кон забрзување на енергетската транзиција и ќе се позиционира како активен чинител во развојот на енергетскиот сектор.
Иако реализацијата на овие проекти не е во директна надлежност на општината, нивното иницирање претставува значаен инструмент за локален економски и енергетски развој.

5.3 Одговорни субјекти за спроведување на мерките;

За спроведување на мерките од овој план ќе бидат одговорни релевантни субјекти, вклучително:

- општинската администрација;
- јавните институции;
- јавните претпријатија;
- приватниот сектор (каде што е применливо).

Одговорните субјекти ќе имаат обврска не само за имплементација на мерките, туку и за следење на нивната реализација.

Следењето ќе се врши преку:

- редовно собирање на податоци;
- следење на напредокот на проектите;
- известување за постигнатите резултати.

Овој пристап обезбедува јасна распределба на одговорностите и континуирано следење на имплементацијата на мерките.
Со цел да се обезбеди ефикасна имплементација на општинскиот енергетски план, неопходно е воспоставување на јасен механизам за следење, известување и континуирано подобрување на активностите.

5.3.1 Систем за мониторинг и базна година
Општина Липково ќе воспостави систем за редовно следење на реализацијата на мерките и проектите предвидени во планот.
Мониторингот ќе се базира на:

- дефинираните KPI индикатори (Поглавје 5.10),
- податоци од јавните институции,
- анализа на потрошувачката на енергија,
- следење на реализацијата на проектите.

Со цел да се овозможи објективно следење на напредокот, ќе се утврди базна година (baseline), која ќе служи како референтна точка за споредба на резултатите.
Базната година ќе се дефинира:
најдоцна до **01.07.2026 година**
и ќе ги опфати податоците за:

- потрошувачка на електрична енергија,
- потрошувачка по јавни објекти,
- трошоци за енергија,
- потрошувачка за водоснабдување и јавно осветлување.

5.3.2 Одговорност и институционална поставеност
За ефективно спроведување на планот, се препорачува формирање на комисија за енергетско управување.
Комисијата ќе се формира:
Најдоцна **при усвојување на овој план.**
и ќе биде составена од:

- правник - кој ќе ја следи законската и подзаконската рамка во областа на енергетиката, како и другите релевантни закони кои ја засегаат енергетиоката;
- инженер (електро, машински, градежен или архитект) - за техничките аспекти на енергетските системи и проектите;
- економист - за финансиските и економските анализи.

Комисијата ќе биде задолжена за:

- собирање и анализа на податоци;
- следење и ажурирање на KPI индикаторите;
- следење на потрошувачката на енергија во јавните објекти;
- анализа на трошоците и предлагање на мерки за подобрување;
- координација со релевантни институции (министерства, ЕВН, МЕПСО, донатори).

Следењето на податоците ќе се врши:
на месечно ниво

5.3.2 Известување
Општината ќе подготвува редовни извештаи за напредокот на имплементацијата на планот.
Известувањето ќе се врши:

- на квартално ниво (на секои 3 месеци);
- на годишно ниво (до 31.01. наредната година).

Извештаите ќе содржат:

- степен на реализација на мерките;

- анализа на постигнатите резултати;
- споредба со поставените цели и KPI индикаторите;
- идентификација на проблеми и предизвици.

5.3.3 Итно известување
Во случај на утврдени неправилности, значајни отстапувања или итни состојби, комисијата има обврска:
веднаш да го информира градоначалникот и да предложи соодветни мерки.

5.3.3. Follow-up и подобрување
Врз основа на резултатите од мониторингот, општината ќе презема корективни мерки со цел подобрување на имплементацијата.
Follow-up процесот ќе опфати:
- ажурирање на приоритетите;
- ревидирање на мерките;
- подобрување на планирањето;
- идентификација на нови можности за инвестиции.

Овој процес ќе се спроведува:
на годишно ниво
Овој пристап овозможува:
- флексибилност во управувањето;
- континуирано подобрување;
- зголемена ефикасност во реализацијата на проектите.

5.3.4 Дигитализација и управување со податоци
Со цел подобрување на системот за мониторинг, се препорачува:
- воспоставување на база на податоци за потрошувачка на енергија;
- дигитално следење на KPI индикаторите;
- централизирано управување со информации.

Ова ќе овозможи:
- побрзо донесување на одлуки;
- подобра контрола на потрошувачката;
- детектирање на евентуални дефекти или пореметување на работата на системите
- зголемена транспарентност.

Во таа насока, општината ќе го користи системот на Националниот инвентар на јавни згради, како дел од државната иницијатива за дигитализација на податоците во енергетскиот сектор.

Преку овој систем ќе се обезбеди стандарден и структуриран пристап за собирање, верификација и обработка на податоци за јавните објекти, што ќе овозможи воспоставување на сигурна и ажурирана база на податоци на локално и национално ниво.

Системот овозможува детално следење на:

• потрошувачката на електрична енергија и горива;
• техничките и конструктивните карактеристики на објектите;
• состојбата на системите за греење, ладење и осветлување;
• нивото на енергетска ефикасност и потенцијалот за подобрување.

Собраните податоци ќе се користат како основа за:

- континуирано следење на имплементацијата на мерките;
- анализа на трендовите во потрошувачката на енергија;
- дефинирање на приоритети за инвестиции;
- подготовка на проекти за финансирање;
- ажурирање на општинскиот енергетски профил.

Интеграцијата на овие податоци во националниот систем овозможува координација помеѓу општината, надлежните институции и операторите на енергетските системи, како и усогласување со националните стратегии и политики.

Дополнително, дигитализацијата овозможува:

- побрзо и поефикасно донесување на одлуки;
- подобра контрола и транспарентност во управувањето со енергијата;
- намалување на административните процеси;
- подобра подготовка за идни инвестиции и проекти.

Овој пристап претставува основа за воспоставување на современ систем за дигитално управување со енергијата, кој ќе придонесе за одржлив и долгорочен развој на општината.

5.4 Инвестиции и мерки за намалување на потрошувачката на енергија

Со цел намалување на потрошувачката на енергија и подобрување на енергетската ефикасност, Општина Липково предвидува реализација на повеќе инвестиции и мерки во јавниот сектор и комуналната инфраструктура.

Предвидените мерки се насочени кон:

- намалување на потрошувачката на електрична и топлинска енергија;
- намалување на оперативните трошоци;
- подобрување на условите во јавните објекти;
- зголемување на користењето на обновливи извори на енергија;
- намалување на емисиите на стакленички гасови.

Во рамките на планираните и подготвените активности, општината веќе располага со проектна документација за повеќе јавни објекти, меѓу кои:

- реконструкција, доградба и надградба на ООУ „7 Марси“ - с. Опае;
- реконструкција и санација на детска градинка „Резја“ - с. Оризаре;
- реконструкција и партерно уредување на ОУ „Фаик Коница“ - с. Слупчане;
- реконструкција на училишен објект во с. Гошинце;
- санација и партерно уредување на ООУ „Антон Зако Чајупи“ - с. Отља.

Во рамките на овие проекти се предвидени и мерки за подобрување на енергетската ефикасност, како што се:

- термичка изолација на фасади и кровови;
- замена на стара и неефикасна столарија;

- подобрување на термичките карактеристики на објектите;
- модернизација на осветлување и електрични системи;
- подобрување на внатрешните услови и енергетските перформанси на објектите.

Јавни објекти

Во делот на јавните објекти се предвидува:
- понатамошна реконструкција и енергетска санација на училишта, градинки и други јавни објекти;
- постепено воведување на топлотни пумпи;
- поставување на фотонапонски системи на кровни површини;
- воведување на LED осветлување и енергетски ефикасна опрема.

Јавно осветлување:
Во делот на јавното осветлување се предвидува:
- понатамошна модернизација со LED технологија;
- оптимизација на потрошувачката;
- можност за воведување на системи за паметно управување со осветлувањето.

Водоснабдување и комунална инфраструктура
Со оглед на значителната потрошувачка на електрична енергија во системите за водоснабдување, се предвидува:
- оптимизација на работата на пумпните станици;
- можност за интеграција на PV системи;
- модернизација на пумпни и електромоторни системи;
- намалување на загубите и подобрување на енергетската ефикасност на системите.

Обновливи извори на енергија
Во делот на обновливите извори на енергија, општината ќе поддржува:
- развој на фотонапонски системи;
- prosumer модели;
- користење на биомаса каде што е економски оправдано;
- интеграција на обновливи извори во јавните објекти.

Инвестициите ќе се реализираат постепено, во согласност со финансиските можности на општината, достапноста на грантови и поддршката од национални и меѓународни програми.
Приоритет ќе имаат мерките кои обезбедуваат:
- најголеми енергетски заштеди;
- краток период на поврат на инвестицијата;
- подобрување на условите за корисниците;
- можност за брза и ефикасна имплементација.

5.5 Инвестиции и мерки за намалување на енергетската сиромаштија

Општина Липково ќе презема мерки и активности со цел намалување на енергетската сиромаштија и подобрување на условите за живот на ранливите категории на граѓани.
Енергетската сиромаштија претставува состојба во која домаќинствата имаат ограничен пристап до доволна количина на енергија за задоволување на основните потреби за греење, ладење, осветлување и користење на електрична енергија.

Со оглед на социо-економските услови и структурата на потрошувачката во општината, посебно внимание ќе биде насочено кон поддршка на домаќинствата со пониски приходи и енергетски неефикасни објекти.
Во таа насока, општината ќе разгледа можности за:

- поддршка на мерки за подобрување на енергетската ефикасност во домаќинствата;
- промоција на енергетски ефикасни уреди и опрема;
- промоција на користење на инвертер клима системи и топлотни пумпи;
- поддршка на мали кровни фотонапонски системи (prosumer модели);
- информирање и едукација на граѓаните за рационално користење на енергијата;
- поддршка при аплицирање за државни и меѓународни програми и субвенции.

Дополнително, општината ќе ја следи можноста за користење на национални програми и мерки за поддршка на енергетски ранливи потрошувачи, во согласност со законската регулатива и достапните финансиски механизми.
Во делот на јавните објекти, имплементацијата на мерки за енергетска ефикасност ќе придонесе за:

- намалување на оперативните трошоци;
- подобрување на условите за престој;
- ослободување на дополнителни средства за други јавни потреби и услуги.

Општината ќе поттикнува интегриран пристап, преку комбинирање на:

- мерки за енергетска ефикасност;
- обновливи извори на енергија;
- едукативни активности;
- социјални механизми за поддршка.

Овој пристап има за цел постепено намалување на енергетската сиромаштија и подобрување на енергетската одржливост на локално ниво.

5.6 Извори на финансирање (општински буџет, државни и меѓународни грантови и приватни инвестиции) и процена на трошоците во согласност со финансиската рамка

Реализацијата на мерките и проектите предвидени во Општинскиот енергетски план ќе зависи од финансиските можности на општината, како и од достапноста на надворешни извори на финансирање.

Во таа насока, општината ќе користи комбиниран пристап на финансирање, преку:

- општински буџет;
- државни програми и фондови;
- меѓународни грантови и донаторски програми;
- кредитни линии и финансиски инструменти;
- приватни инвестиции и јавно-приватни партнерства.

Општински буџет

Општината ќе обезбедува средства за:

- подготовка на проектна документација;

- кофинансирање на проекти;
- реализација на помали инвестиции и мерки за енергетска ефикасност;
- активности поврзани со мониторинг и управување со енергијата.

Државни програми и фондови

Во рамките на националните програми, општината ќе аплицира за поддршка преку:
- Министерството за енергетика;
- Министерството за образование и наука;
- програми за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија;
- други релевантни институции и фондови.

Меѓународни грантови и донаторски програми

Општината ќе ја разгледа можноста за аплицирање во:

- IPA програми;
- UNDP;
- Светска банка;
- ЕБОР;
- KfW;
- други меѓународни финансиски институции и донатори.

Приватни инвестиции и јавно-приватни партнерства

За реализација на покомплексни проекти, особено во делот на:

- јавно осветлување;
- фотонапонски системи;
- системи за греење;
- комунална инфраструктура;

општината ќе ја разгледа можноста за вклучување на приватен капитал преку модели на јавно-приватно партнерство.

Процена на трошоците

Во рамките на планот е извршена индикативна проценка на потребните инвестиции за реализација на предложените мерки. Со оглед на тоа што дел од проектите се наоѓаат во фаза на подготовка, а дел од мерките ќе зависат од дополнителни технички анализи и проектна документација, проценките имаат индикативен карактер.

Во таа насока, општината веќе располага со подготвена проектна документација за повеќе јавни објекти, што претставува значајна основа за идно финансирање и реализација на инвестиции.

Приоритет ќе имаат мерките кои:
- обезбедуваат најголеми енергетски заштеди;
- имаат краток период на поврат на инвестицијата;
- овозможуваат подобрување на условите во јавните објекти;

- можат да бидат реализирани со достапните финансиски механизми.

5.7 Анализа на економската оправданост

Во рамките на анализата на предложените мерки за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија, извршена е индикативна економска проценка со цел да се утврди нивната финансиска оправданост и приоритет за имплементација.

Анализата се базира на реалните податоци за потрошувачка на енергија во објектите, како и на технички параметри и претпоставки кои се користат за пресметка на очекуваните заштеди. Во пресметките се земени предвид следните клучни елементи:

- годишната потрошувачка на електрична и топлинска енергија;
- типот на постојниот систем за греење и неговата ефикасност;
- специфичното производство на фотоволтаични системи;
- коефициентот на перформанси (COP) на топлотните пумпи;
- просечните цени на енергија.

За секоја мерка се пресметува очекуваната годишна заштеда на енергија и финансиски средства, како и периодот на поврат на инвестицијата (ROI), со користење на поедноставени пресметковни модели.

Поради ограничената достапност на детални податоци за сите објекти, дел од пресметките имаат индикативен карактер и се користат како основа за понатамошна детална техничка и економска анализа во фазата на подготовка на конкретни проекти.

Анализата има за цел да овозможи рангирање на мерките според нивната економска оправданост и да послужи како основа за донесување на одлуки за инвестирање и аплицирање за финансиска поддршка.

Приоритет ќе имаат мерките кои обезбедуваат краток период на поврат на инвестицијата, значителни заштеди на енергија и можност за имплементација во краток рок.

Истовремено, дефинирањето на приоритетите ќе се базира на техничка и енергетска оптимизација на системите, при што ќе се применува принципот „energy efficiency first“, односно првенствено ќе се намалува енергетската побарувачка на објектите (through load reduction), а потоа ќе се пристапува кон модернизација или замена на енергетските системи.

Во таа насока, мерките како термичка изолација на фасада, кров и замена на прозорци ќе имаат приоритет, бидејќи директно влијаат на намалување на топлинските загуби и на peak thermal load на објектите.

Намалувањето на топлинското оптоварување овозможува правилно димензионирање (optimal sizing) на новите системи за греење, како што се топлотните пумпи, што резултира со:

- пониска инсталирана моќност;
- повисока сезонска ефикасност (SCOP);
- пониски инвестициони трошоци;
- подобра работа во реални услови.

Имплементацијата на системи без претходно намалување на топлинските загуби може да доведе до предимензионирање (oversizing), намалена ефикасност и подолг период на поврат на инвестицијата.

Затоа, редоследот на мерките ќе се дефинира врз основа на интегриран пристап кој ги зема предвид техничките, енергетските и економските аспекти.

За потребите на оваа анализа, економската оправданост на предложените мерки се пресметува врз основа на поедноставени техничко-економски модели, кои овозможуваат проценка на заштедите на енергија, финансиските заштеди и периодот на поврат на инвестицијата (ROI).

5.7.1 Пресметка на потребна топлинска енергија

Потребната топлинска енергија се пресметува врз основа на потрошувачката на гориво и ефикасноста на постојниот систем:
$Q_{топл} = B \times Hu \times \eta$
каде што:
$Q_{топл}$ - потребна топлинска енергија (kWh/год.)
B - потрошувачка на гориво (l/год. или m^3/год.)
Hu - долна топлотна вредност на горивото (kWh/единица)
η - ефикасност на постојниот систем (на пр. 0,9 за „екстра лесно" масло)

5.7.2 Топлотни пумпи

Потребната електрична енергија за топлотна пумпа се пресметува со:
$E_{ел} = Q_{топл} / COP$
каде што:
$E_{ел}$ - потрошувачка на електрична енергија (kWh/год.)
COP - коефициент на перформанси на топлотната пумпа

Финансиска анализа:
Годишна заштеда = C0 - Сново
Нето заштеда = (C0 - Сново) - O&M
Период на поврат = Инвестиција / Нето заштеда

5.7.3 Фотоволтаични системи

Годишното производство се пресметува со:
$E_{пв} = P \times Y$
каде што:
$E_{пв}$ - годишно производство (kWh/год.)
P - инсталирана моќност (kW)
Y - специфично производство (kWh/kW/год.)

Заштеда = $E_{пв} \times \alpha \times$ Цена
Нето заштеда = Заштеда - O&M
Период на поврат = Инвестиција / Нето заштеда

Анализата на фотоволтаичните системи е извршена во согласност со важечката регулатива за потрошувачи-производители (prosumer), утврдена со Правилникот за обновливи извори на енергија.
Согласно член 5 од Правилникот, вредноста на вишокот на електрична енергија предадена во мрежата се пресметува врз основа на просечната цена на електричната енергија, намалена за 10%, како и со примена на коректив фактор во зависност од односот помеѓу преземената и предадената енергија во пресметковниот период. Пресметката се врши во рамките на пресметковен период, дефиниран согласно регулативата, што дополнително влијае на вредноста на предадената енергија.
Поради ова, економската анализа на фотоволтаичните системи во овој план се базира првенствено на сопствената потрошувачка на произведената електрична енергија (self-consumption), додека предавањето на вишокот во мрежата има секундарно значење.

Затоа, оптималното димензионирање на системите се врши врз основа на профилот на потрошувачка, со цел да се максимизира степенот на сопствена потрошувачка и да се избегне прекумерно предавање на енергија во мрежата.
Во нашите пресметки енергијата предадена во мрежата не се пресметува со целосната цена на електричната енергија, туку според условите утврдени во регулативата.
Ваквиот регулаторен модел дополнително ја нагласува потребата од интегрирање на фотоволтаичните системи со мерки за енергетска ефикасност и оптимизација на потрошувачката, со цел да се постигне максимална економска и енергетска ефикасност на системот.

5.7.4 Мерки за енергетска ефикасност (фасада, кров, прозорци)

Потрошувачката по мерката се пресметува со:
Еново = E0 × (1 - S)
Заштеда на енергија = E0 - Еново
Финансиска заштеда = (E0 - Еново) × Цена
Нето заштеда = Финансиска заштеда - O&M
Период на поврат = Инвестиција / Нето заштеда
S - процент на заштеда (во децимален облик)
Согласно релевантните европски стандарди (DIN 4108, ISO 52000) и практиката во областа на енергетската ефикасност на објекти, поединечните мерки имаат значителен потенцијал за намалување на потрошувачката на енергија, особено кај постари објекти со недоволна термичка заштита.
Во зависност од состојбата на објектот, конструктивните карактеристики и климатските услови, индикативниот ефект од поединечни мерки е следен:
- Топлинска изолација на фасада: намалување на топлинските загуби за приближно 30% до 50%;
- Изолација на кров: намалување на загубите за околу 20% до 30%;
- Замена на прозорци (со ПВЦ или алуминиумски со термички прекин): намалување од 10% до 25%;
- Подобрување на системите за греење (на пр. топлотни пумпи): намалување на потрошувачката на примарна енергија за 50% до 70%, во зависност од типот на постојниот систем;
- Комбинирана примена на мерки: може да резултира со вкупно намалување на потрошувачката за повеќе од 50%.
Овие вредности имаат индикативен карактер и служат како основа за проценка во рамките на овој план, додека реалните заштеди ќе зависат од конкретните услови на секој објект.
Најголем ефект се постигнува кога мерките се применуваат интегрирано, при што се намалува топлинското оптоварување на објектот и се овозможува оптимално димензионирање на енергетските системи.

5.7.4 Финансирање на инвестициите

- Грантови

Ефективна инвестиција = Инвестиција × (1 - %грант)
Период на поврат = Ефективна инвестиција / Нето заштеда

- Кредитно финансирање

Годишен ануитет = Инвестиција × CRF
каде што:
CRF = r × (1+r)^n / ((1+r)^n - 1)

r - каматна стапка
n - период на отплата (години)
Нето заштеда (со кредит) = Нето заштеда - Годишен ануитет

5.7.5 Општа формула за ROI

ROI = Инвестиција / Нето годишна заштеда
Пресметките имаат индикативен карактер и се базираат на достапните податоци и стандардни технички претпоставки. Реалните вредности ќе зависат од конкретните услови на објектите, изборот на опрема и начинот на користење.
Во сите пресметки се вклучуваат и трошоци за одржување, така што нето заштедата изнесува:
Нето заштеда = Годишна заштеда - Трошоци за одржување (O&M)

5.8 Јавно приватно партнерство со општината и

Со цел реализација на покомплексни енергетски проекти, општината ќе ја разгледа можноста за примена на јавно-приватно партнерство (ЈПП), во согласност со Законот за јавно-приватно партнерство.

ЈПП моделот овозможува:
- вклучување на приватен капитал;
- намалување на буџетскиот товар на општината;
- побрза реализација на проекти;
- користење на техничка експертиза од приватниот сектор.

Овој модел е особено применлив за:
- јавно осветлување;
- фотонапонски системи;
- системи за греење;
- инфраструктура за електрична мобилност.

Општината ќе иницира подготовка на проекти за ЈПП во координација со надлежните институции и потенцијални инвеститори.
Општината веќе има искуство со реализација на проекти преку модели на јавно-приватно партнерство, што претставува значајна предност при подготовка и имплементација на идни енергетски проекти.
Овие искуства ќе се искористат за понатамошно унапредување на пристапот, со цел обезбедување на поефикасна реализација, подобра распределба на ризиците и зголемување на интересот од приватниот сектор.
Во изминатиот период, општината има реализирано проекти во енергетскиот сектор преку модели на јавно-приватно партнерство што претставува значајна основа за понатамошен развој на ваквиот пристап.

Доколку овие практики се потврдат и дополнително систематизираат, истите ќе придонесат за поефикасна подготовка и имплементација на идни енергетски проекти, како и за зголемување на довербата кај приватниот сектор.

5.9 Индикатори за мониторинг (KPI)

Со цел следење на имплементацијата на мерките и оценување на постигнатите резултати, се воспоставува систем на индикатори за перформанси (KPI), кој овозможува систематско и континуирано мерење на напредокот во енергетскиот сектор на Општина Липково.

Индикаторите овозможуваат:

- мерење на ефектите од реализираните мерки;
- следење на напредокот во однос на поставените цели;
- донесување на информирани одлуки;
- подобрување на идните активности.

Системот на индикатори претставува основа за

- транспарентност,
- отчетност и
- континуирано подобрување на енергетската политика на општината.

Индикаторите се дефинирани на два нивоа:

• индикативни индикатори, кои го опфаќаат целокупниот енергетски систем на општината и служат за општа анализа;

Овие индикатори се однесуваат на сегменти каде што во моментот не постојат детални и систематизирани податоци на локално ниво, како што се потрошувачката на енергија во транспортниот сектор, користењето на огревно дрво, како и потрошувачката на нафтени деривати.

Во таа насока, се очекува во наредниот период да се подобри системот на прибирање и обработка на податоци, особено преку соработка со операторите на енергетските системи. Посебно значајна е улогата на електродистрибутивниот оператор (ЕВН), од кој се очекува постепено да обезбеди подетална распределба на податоците за потрошувачка на електрична енергија на ниво на општини.

Дополнително, преку координација со релевантните државни институции, ќе се работи на воспоставување на механизми за следење и на други енергетски сегменти, како што се потрошувачката на огревно дрво и користењето на нафтени деривати.

Овој пристап ќе овозможи во иднина поголем дел од индикаторите да бидат базирани на реални и мерливи податоци.

• оперативни индикатори, кои се директно поврзани со надлежностите на општината и каде што може да се постигне реално влијание преку имплементација на конкретни мерки.

Оперативните индикатори се од клучно значење, бидејќи се однесуваат на сегменти каде општината има директна контрола, како што се јавните објекти, јавното осветлување, локалните инвестиции и управувањето со енергетските податоци.

За потребите на овој план се дефинираат следните клучни индикатори:

Потрошувачка на енергија:

- Вкупна потрошувачка на електрична енергија (kWh/год.)
- Потрошувачка по јавен објект (kWh/год.)
- Потрошувачка по m² (kWh/m²)

Енергетска ефикасност:

- Намалување на потрошувачката (%)
- Заштеда на енергија (kWh/год.)
- Број на објекти со имплементирани мерки

Обновливи извори на енергија:

- Инсталиран PV капацитет (kW)
- Производство на електрична енергија (kWh/год.)
- Број на реализирани проекти

Греење:
- Намалување на потрошувачка на горива (%)
- Број на објекти со нов систем за греење (топлотни пумпи)

Водоснабдување:
- Потрошувачка на електрична енергија за пумпи (kWh/год.)
- Намалување на трошоци (%)

Јавно осветлување:
- Потрошувачка на електрична енергија (kWh/год.)
- Процент на LED светилки (%)

Енергетска сиромаштија:
- Број на домаќинства опфатени со мерки
- Намалување на трошоци за енергија (%)

Електричната мобилност (e-mobility):
претставува важен сегмент во енергетската транзиција и намалувањето на емисиите на стакленички гасови. Под поимот електрична мобилност се опфаќаат не само електричните автомобили и тешки возила, туку и лесните форми на електричен транспорт, како што се електрични велосипеди (e-bike) и други слични средства.
Овој сегмент има значаен потенцијал за намалување на емисиите, особено во урбаните и руралните средини со кратки дневни релации.
Развојот на електричната мобилност ќе има директно влијание врз зголемувањето на побарувачката на електрична енергија, што дополнително ја нагласува потребата од развој на локално производство од обновливи извори.
Во рамките на овој план, се дефинираат следните индикатори поврзани со електричната мобилност:

- Број на регистрирани електрични возила на територијата на општината;
- Број на достапни станици / точки за полнење на електрични возила;
- Број на електрични велосипеди (e-bike) и други лесни електрични возила.
- Проценета потрошувачка на електрична енергија за електрична мобилност (kWh/год.).
- Вкупен број на службени возила.
- Вкупна потрошувачка на гориво (l/год.).
- Вкупни трошоци за гориво (МКД/год.).
- Емисии на CO_2 од возниот парк (t/год.).
- Потенцијална заштеда со електрични возила (МКД/год.).
- Потенцијално намалување на CO_2 (%).
- Број на возила погодни за замена со EV.

Овие индикатори имаат индикативен карактер, со оглед на тоа што податоците не се секогаш директно достапни на локално ниво и зависат од соработка со надлежните институции (Министерство за внатрешни работи, оператори на инфраструктура за полнење и други релевантни субјекти).

Во иднина, се очекува подобрување на системот за следење на овие податоци, што ќе овозможи попрецизна анализа и интеграција на електричната мобилност во локалното енергетско планирање.
Општината ќе разгледа можности за промоција на електрични велосипеди како дел од одржливиот транспорт, особено за кратки урбани релации.
Анализата на возниот парк на Општина Липково опфаќа преглед на бројот на службени возила, нивната намена, видот на гориво, како и годишната потрошувачка на гориво и поврзаните трошоци.
Врз основа на расположливите податоци, се врши проценка на вкупната годишна потрошувачка на дизел и бензин, изразена во литри и финансиски трошоци (МКД/година), како и пресметка на емисиите на CO_2.
Анализата покажува дека возниот парк претставува значаен извор на оперативни трошоци и емисии на стаклени гасови, особено кај возилата со висока годишна километража.
Во таа насока, се разгледува можноста за постепена замена на постоечките возила со електрични возила (EV), со цел:

- намалување на оперативните трошоци,
- намалување на зависноста од фосилни горива,
- намалување на емисиите на CO_2.

Електричните возила имаат значително пониски трошоци по изминат километар, што овозможува остварување на годишни заштеди, особено кај возилата со интензивна употреба.
Врз основа на споредбената анализа помеѓу постоечките возила и потенцијалните електрични возила, се пресметува:

- годишната потрошувачка на енергија,
- разликата во оперативните трошоци,
- периодот на повраток на инвестицијата (ROI).

Се препорачува фазен пристап, при што приоритет ќе имаат возилата со најголема потрошувачка на гориво и највисоки годишни трошоци.
Овој пристап овозможува постепена транзиција кон одржлив транспортен систем, без значителен финансиски товар во краток рок.
Општината ќе ја интегрира електричната мобилност како составен дел од своите идни енергетски и транспортни политики.

5.10 Очекувани и резултати

Со имплементацијата на предложените мерки во рамките на овој план, се очекува значително подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти и инфраструктурата во општината, како и постепена транзиција кон поодржлив енергетски систем.
Очекуваните резултати вклучуваат:

- намалување на вкупната потрошувачка на енергија;
- намалување на оперативните трошоци за енергија;
- зголемување на користењето на обновливи извори на енергија;
- намалување на емисиите на CO_2;
- подобрување на комфорот и условите во јавните објекти;
- зголемување на енергетската независност на општината.

Дополнително, се очекува имплементацијата на мерките да придонесе за подобро управување со енергијата, преку воведување на системи за мониторинг и оптимизација на потрошувачката.

Реализацијата на предложените активности ќе овозможи создавање на основа за понатамошни инвестиции и развој на енергетски проекти, како и зголемување на интересот од страна на приватниот сектор и меѓународните финансиски институции. Очекуваните резултати имаат индикативен карактер и ќе зависат од динамиката на имплементација, достапноста на финансиски средства и институционалниот капацитет на општината.

6. Интегрирано планирање на општински енергетски капацитети и инфраструктура

Урбанистичкото планирање, енергетското управување и развојот на електродистрибутивната мрежа претставуваат меѓусебно поврзани процеси кои имаат директно влијание врз одржливиот развој на општината.

Преку урбанистичките планови, општината има можност да го насочува идниот развој на потрошувачката и производството на енергија, особено во делот на новите објекти и урбанистички зони.

Во современата практика, енергетското планирање и урбанистичкото планирање се спроведуваат интегрирано, при што се земаат предвид:

- густината и распределбата на населението,
- намената на земјиштето,
- постојната и планираната инфраструктура,
- капацитетот на електродистрибутивната мрежа.

Посебно значење има координацијата со операторот на електродистрибутивниот систем, кој обезбедува податоци за:

- постојните трафостаници и нивната локација,
- капацитетот и оптовареноста на мрежата,
- можностите за приклучување на нови производни капацитети,
- планираните инвестиции во мрежата.

Врз основа на овие податоци, општината може да:

- идентификува најпогодни локации за развој на фотонапонски електроцентрали,
- планира нови урбанистички зони во согласност со капацитетот на мрежата,
- избегне преоптоварување на електродистрибутивниот систем,
- овозможи ефикасна интеграција на обновливи извори на енергија.

Во процесот на планирање на нови објекти и населби, се препорачува:

- примена на високи стандарди за енергетска ефикасност,
- задолжителна анализа за интеграција на PV системи,
- користење на топлотни пумпи и други ефикасни системи,
- усогласување со техничките услови за приклучување на мрежата.

Дополнително, општината ќе разгледа можност за воведување на енергетско

зонирање, со цел дефинирање на препорачани енергетски решенија за различни урбанистички зони.

Овој пристап овозможува:

- подобро искористување на постојната инфраструктура,
- намалување на инвестиционите трошоци,
- зголемување на енергетската сигурност,
- долгорочно одржлив урбан развој.

Овој интегриран пристап е во согласност со Методологијата за изработка на општински енергетски план, која предвидува координација помеѓу локалната самоуправа, Министерството и операторот на електродистрибутивниот систем.

6.1 Утврдување од страна на Министерството во соработка со операторот на електродистрибутивниот систем на најпогодни региони и локации за инвестиции во фотоволтаични електроцентрали со инсталирана моќност помала 1 MW

Во процесот на планирање на енергетската инфраструктура и идентификација на потенцијални зони за развој на обновливи извори на енергија, особено фотонапонски системи, неопходна е координација помеѓу повеќе институции.

Покрај Министерството за енергетика и операторот на електродистрибутивниот систем (ЕВН Електродистрибуција), значајна улога има и Општина Липково, која преку урбанистичкото планирање и управувањето со просторот директно влијае врз можностите за реализација на енергетски проекти.

Во таа насока, идентификацијата на погодни локации за развој на фотонапонски системи и други обновливи извори на енергија треба да се врши преку координиран и интегриран пристап, при што се земаат предвид:

- урбанистичките планови и намената на земјиштето;
- достапноста на инфраструктура и пристапни патишта;
- капацитетот и состојбата на електродистрибутивната мрежа;
- техничките и економските услови за приклучување;
- близината на постојната електроенергетска инфраструктура;
- локалните развојни приоритети и можностите за одржлив развој.

Во рамките на анализата се земени предвид и податоците од КЕЦ Куманово, кој ги опфаќа општините Куманово, Липково и Старо Нагоричане.

Елемент	**Опис**
Надлежни институции	Министерство за енергетика, ЕВН Електродистрибуција, Општина Липково
Подрачје на анализа	КЕЦ Куманово
Опфатени општини	Куманово, Липково и Старо Нагоричане
Вкупна површина	1.191 km²
Број на жители	137.380

Вкупен број на мерни места	54.817
Тарифни мерни места	53.051
Либерализирани потрошувачи	1.766
СН кабелска мрежа	185.671 m
СН надземна мрежа	543.441 m
НН кабелска мрежа	75.615 m
НН надземна мрежа	971.553 m
Број на трансформаторски станици	743
Карактеристики на мрежата	Рурална и дисперзирана дистрибутивна мрежа со долги линии
Потенцијални ограничувања	Ограничен капацитет за приклучување во одредени делови од мрежата
Потенцијални типови на проекти	Кровни PV системи, prosumer системи, фотонапонски електроцентрали до 1 MW
Потенцијални локации	Јавни објекти, комунални системи, приватни парцели и индустриски зони
Приоритетни решенија	Децентрализирани системи и rooftop PV
Дополнителни активности	Координација со ЕВН и Министерството за подобро планирање и приклучување
Очекуван ефект	Подобрување на енергетската одржливост и зголемување на уделот на обновливи извори

Табела 1: Месечна потрошувачка на електрична енергија по категории за 2025 година (КЕС Куманово)

КЕС Куманово (2025)

Категорија	1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12
MV1	181.884	299.118	238.521	185.856	142.210	152.031	199.800	182.394	232.589	264.393	269.574	244.434
MV2	2.109.561	1.917.671	1.558.947	1.426.435	1.435.226	1.658.583	1.993.971	1.725.638	1.607.175	1.941.327	2.069.488	2.482.601
LV1.1	318.877	277.842	287.830	250.348	222.402	201.065	211.295	232.182	241.653	262.487	296.263	317.198
LV1.2	1.621.880	1.427.025	1.240.832	1.211.528	1.142.362	1.176.406	1.357.777	1.228.403	1.140.205	1.326.778	1.317.781	1.585.883
LV2	3.754.645	2.957.499	2.333.872	2.150.922	2.040.516	1.949.707	1.507.186	1.570.368	1.429.561	1.248.713	1.317.613	1.297.742
Totals	35.986.848	31.879.157	26.690.004	23.230.091	19.187.717	18.185.930	22.271.101	19.938.987	17.512.194	24.943.599	25.116.413	34.371.872

Домаќинства & мали потрошувачи

Категорија	1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12
домаќинства	27.808.232	24.291.615	20.267.317	17.465.482	13.734.089	12.319.825	15.243.497	13.321.459	11.451.857	18.283.025	18.149.759	26.014.063
Мали потрошувачи	1.805.488	1.653.481	1.288.216	1.084.824	1.066.612	985.422	1.267.435	1.278.531	959.561	991.464	1.040.900	1.302.726
Вкупно	29.613.720	25.945.097	21.555.533	18.550.306	14.800.700	13.305.247	16.510.932	14.599.990	12.411.418	19.274.490	19.190.659	27.316.789

Општина Липково ќе учествува активно во процесот преку:

- обезбедување податоци за урбанистички планови и просторен развој;
- идентификација на потенцијални локации за инвестиции;
- координација со инвеститори и надлежни институции;
- усогласување на енергетските проекти со локалните развојни политики;
- поддршка при подготовка на проектна и техничка документација.

Во рамките на општината веќе се евидентирани иницијативи и проекти за изградба на фотонапонски електроцентрали, меѓу кои:

• ФЕЦ „Фера Солар“ ДООЕЛ Куманово;

Овој интегриран пристап овозможува поефикасно планирање на енергетската инфраструктура, избегнување на просторни конфликти, подобро искористување на постојната мрежна инфраструктура и поуспешна реализација на инвестициите во обновливи извори на енергија.

6.2 Утврдување на потреби од инфраструктура за дистрибуција на гас и греење

Развојот на гасоводната инфраструктура претставува еден од можните правци за диверзификација на енергетските извори и подобрување на енергетската ефикасност на локално ниво.

Меѓутоа, со оглед на постојниот урбанистички констелации, просторната распределба на населените места и оддалеченоста на општината од главните гасоводни транспортни системи, развојот на гасификацијата во моментот не претставува приоритет за Општина Липково.

Дополнително, потребните инвестиции за изградба на гасоводна инфраструктура, како и економската оправданост во однос на густината на население и потрошувачката, укажуваат на ограничени можности за краткорочна имплементација на вакви проекти.

Во таа насока, општината ќе го следи развојот на националната гасоводна мрежа и

потенцијалните можности за приклучување во иднина, особено во случај на проширување на транспортната инфраструктура поблиску до територијата на општината.

Во меѓувреме, фокусот на општината останува насочен кон развој на обновливи извори на енергија и примена на енергетски ефикасни технологии, кои претставуваат попрактично и економски оправдано решение во моменталните услови.

Со оглед на ограничените можности за развој на гасоводна инфраструктура, општината ќе се насочи кон примена на алтернативни извори на енергија и современи системи за снабдување со енергија и греење.

Во тој контекст, приоритет ќе имаат следните решенија:

- фотонапонски системи (PV) за производство на електрична енергија, особено на кровни површини на јавни објекти и приватни објекти;
- топлотни пумпи како ефикасна и одржлива алтернатива за греење и ладење;
- користење на биомаса, со оглед на расположливите шумски ресурси во регионот;
- децентрализирани енергетски системи, вклучително и системи за сопствено производство (prosumers).

Примената на овие технологии овозможува:

- намалување на зависноста од фосилни горива;
- зголемување на енергетската ефикасност;
- намалување на емисиите на стакленички гасови;
- подобрување на енергетската сигурност на локално ниво.

Општината ќе ги поддржува овие решенија преку:

- промоција на инвестиции во обновливи извори на енергија;
- информирање и едукација на граѓаните;
- координација со институции и инвеститори;
- интеграција на овие системи во урбанистичкото планирање.

Овој пристап е во согласност со националните и европските политики за енергетска транзиција и претставува реално и одржливо решение за развој на енергетскиот сектор во општината.

6.3. Анализа на потенцијали и ризици на локалниот енергетски систем

Локалниот енергетски систем во Општина Липково се карактеризира со специфични можности и ограничувања, кои имаат директно влијание врз идниот развој на енергетскиот сектор.

Од аспект на потенцијалите, општината располага со значајни можности за развој на обновливи извори на енергија, особено во следните сегменти:

- висок потенцијал за развој на фотонапонски системи (PV), како на кровни површини, така и на слободни површини;
- можности за користење на биомаса, со оглед на шумските ресурси во регионот;
- примена на топлотни пумпи како ефикасно решение за греење и ладење;
- развој на децентрализирани енергетски системи и prosumer модели.

Овие потенцијали овозможуваат постепена транзиција кон поодржлив и поефикасен енергетски систем.

Од друга страна, постојат и одредени ризици и ограничувања кои треба да се земат предвид:

- ограничен капацитет на електродистрибутивната мрежа за приклучување на нови производни капацитети;
- зависност од постојната инфраструктура и потреба од нејзина модернизација;
- просторни и урбанистички ограничувања за развој на енергетски проекти;
- финансиски ограничувања за реализација на инвестиции;
- потенцијални административни и регулаторни пречки.

Дополнително, интеграцијата на поголем број обновливи извори на енергија може да предизвика предизвици поврзани со стабилноста на системот и управувањето со енергијата.

Со цел минимизирање на ризиците, неопходна е координација со операторите на системите, како и внимателно планирање на новите инвестиции.

Оваа анализа претставува основа за дефинирање на реални и одржливи мерки за развој на енергетскиот систем во општината.

7. Транспарентност и вклученост на јавноста

Транспарентноста и вклученоста на јавноста претставуваат клучни елементи за успешно спроведување на општинскиот енергетски план.

Активното учество на граѓаните, јавните институции, деловниот сектор и другите засегнати страни овозможува подобро разбирање на потребите, зголемена поддршка за мерките и поефикасна имплементација на проектите.

7.1. Вклучување на јавноста преку процес на информирање и учество на граѓаните и засегнатите страни и

Вклучувањето на јавноста ќе се спроведува преку процес на информирање и активно учество на граѓаните и засегнатите страни.

Во таа насока, општината ќе:

- организира јавни расправи и презентации за планираните мерки и проекти;
- овозможи учество на граѓаните и деловниот сектор во процесот на донесување одлуки;
- соработува со локални институции, училишта и невладини организации;
- прибира предлози, мислења и сугестии од засегнатите страни.

Овој пристап овозможува:

- зголемување на транспарентноста;
- подобрување на квалитетот на одлуките;
- поголема прифатеност на мерките од страна на јавноста.

7.2. Механизми за промоција и информирање на јавноста преку локални медиуми, веб-страници и социјални мрежи

Општината ќе воспостави механизми за континуирано информирање и промоција на енергетските активности преку различни канали на комуникација.

Информирањето ќе се врши преку:

- официјалната веб-страница на општината;

- социјалните мрежи;
- локалните медиуми (телевизија, радио и печатени медиуми)
- информативни кампањи и едукативни настани.

Целта на овие активности е:

- подигање на јавната свест за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија;
- информирање за тековните и планираните проекти;
- поттикнување на граѓаните да учествуваат во енергетската транзиција.

Општината ќе обезбеди редовно ажурирање на информациите, со цел граѓаните да имаат навремен и точен увид во сите активности поврзани со енергетскиот сектор.

8. Резиме

Овој општински енергетски план претставува стратешки и плански документ кој ги дефинира насоките за развој на енергетскиот сектор во Општина Липково, со фокус на зголемување на енергетската ефикасност, користење на обновливи извори на енергија и обезбедување на одржлив и сигурен енергетски систем. За прв пат, со донесувањето на законската и подзаконската рамка, општините добиваат обврска за систематско и структурирано планирање на енергетскиот развој, што претставува значаен чекор кон воспоставување на институционален пристап во управувањето со енергијата на локално ниво.

Планот се базира на анализа на постојната состојба, при што се идентификувани главните карактеристики на потрошувачката на енергија, состојбата на инфраструктурата, како и потенцијалите и ограничувањата за развој. Во оваа фаза, особено значајно е утврдувањето на базната година, која ќе претставува основа за мерење на напредокот, следење на индикаторите и оценка на ефектите од спроведените мерки во иднина.

Општина Липково располага со значителни потенцијали за развој на обновливи извори на енергија, особено во делот на фотонапонските системи, користењето на биомаса и примена на енергетски ефикасни технологии. Во услови кога развојот на гасоводна инфраструктура не претставува приоритет, општината се насочува кон алтернативни, одржливи и економски оправдани решенија, базирани на локалните ресурси и современите технологии.

Планот ги дефинира клучните цели и мерки кои се усогласени со националните политики и стратешките документи, вклучително и Националниот план за енергија и клима 2025–2030 година, со што се обезбедува координација помеѓу локалното и националното ниво.

Посебен акцент е ставен на:

- развој на обновливи извори на енергија;
- подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти;
- модернизација на системите за греење;
- намалување на емисиите на стаклснички гасови;
- подобрување на енергетската сигурност и независност.

Дополнително, планот предвидува воспоставување на систем за мониторинг и управување со податоци, вклучително и користење на дигитални алатки и национални бази на податоци, што ќе овозможи континуирано следење на потрошувачката, евалуација на мерките и донесување на информирани одлуки.

8.1. Заклучок и збир на клучни точки од сите делови, кои се во согласност со стратешките цели, мерки и активности, финансиска рамка и индикатори за мониторинг

Овој општински енергетски план претставува сеопфатна рамка за развој на енергетскиот сектор во Општина Липково, која се базира на анализа на постојната состојба, дефинирани цели, конкретни мерки и јасни механизми за имплементација.

Планот ги обединува клучните аспекти на енергетското планирање, вклучително и:

- анализа на потрошувачката на енергија и енергетската инфраструктура;
- идентификација на потенцијали за развој на обновливи извори на енергија;
- дефинирање на приоритетни мерки за подобрување на енергетската ефикасност;
- процена на ризиците и ограничувањата на локалниот енергетски систем.

Стратешките цели на планот се насочени кон:

- намалување на потрошувачката на енергија;
- зголемување на користењето на обновливи извори;
- намалување на емисиите на стаклснички гасови;

- подобрување на енергетската сигурност и одржливост.

За постигнување на овие цели се предвидени конкретни мерки и активности, кои опфаќаат:

- инвестиции во фотонапонски системи и други обновливи извори;
- подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти;
- модернизација на системите за греење;
- примена на дигитални алатки за управување со енергијата.

Финансиската рамка на планот предвидува користење на различни извори на финансирање, вклучително:

- општински буџет;
- државни програми;
- меѓународни фондови и грантови;
- приватни инвестиции и јавно-приватни партнерства.

Имплементацијата на планот ќе се следи преку јасно дефинирани KPI индикатори, кои ќе овозможат мерење на напредокот и оценка на ефективноста на мерките. Во таа насока, воспоставувањето на базна година претставува клучен чекор за систематско следење и евалуација.

Дополнително, планот предвидува воспоставување на систем за мониторинг, известување и управување со податоци, што ќе овозможи континуирано подобрување на енергетската политика на општината.

Успешната реализација на планот ќе зависи од координацијата помеѓу општината, надлежните институции, операторите на системите и приватниот сектор, како и од активната вклученост на јавноста.

Со имплементацијата на овој план, Општина Липково поставува основа за современ, одржлив и институционално организиран развој на енергетскиот сектор, во согласност со националните и европските цели.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЛИПКОВО
Претседател,
Зекирја Шаини

Анекс:

Во анексот се прикажани дел од табелите од алатката за КПИ и мониторинг.

Табела 1: Изглед на табела 1 (инвентар на објекти)

Бр.	1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13
Код на објект													
Сектор	Образование	Образование	Образование	Образование	Образование	Образование	Образование	Образование	Образование	Образование	Образование	Образование	Образование
Тип на објект	Средно училиште	Основно училиште	Основно училиште	Основно училиште	Основно училиште	Основно училиште	Основно училиште	Подрачно основно училиште	Подрачно основно училиште	Подрачно основно училиште	Подрачно основно училиште	Подрачно основно училиште	Подрачно основно училиште
Назив на институција	СОУ „Исмет Јашари“	ООУ „Дитурија“	ООУ „Фаик Коница“	ООУ „Рилиндја“	ООУ „7 Марси“	ООУ „Антон Зако Чајупи“	ООУ „Култура“	ПОУ „5 Октомври“	ПОУ „Култура“	ПОУ „Дитурија“	ПОУ „Дитурија“	ПОУ „5 Октомври“	ПОУ „Рилиндја“
Населено место	Липково	Липково	Слупчане	Лојане	Опае	Отља	Матејче	Никуштак	Виштица	Гушинце	Лукаре	Ропалце	Ваќсинце
Одговорност/управување	Општина / институција	Општина / институција	Општина / институција	Општина / институција	Општина / институција	Општина / институција	Општина / институција	Општина / институција	Општина / институција	Општина / институција	Општина / институција	Општина / институција	Општина / институција
Извор на податоци	Доставен табелар од Општина Липково	Доставен табелар од Општина Липково	Доставен табелар од Општина Липково	Доставен табелар од Општина Липково	Доставен табелар од Општина Липково	Доставен табелар од Општина Липково	Доставен табелар од Општина Липково	Доставен табелар од Општина Липково	Доставен табелар од Општина Липково	Доставен табелар од Општина Липково	Доставен табелар од Општина Липково	Доставен табелар од Општина Липково	Доставен табелар од Општина Липково
Површина (m^2)													
Бр. корисници													
Година на изградба													
Бр. катови													
Бр. на броило													
ЕЕ 2023 (kWh)													
ЕЕ 2024 (kWh)													
ЕЕ 2025 (kWh)													
Просечна ЕЕ 2023-2025 (kWh)													

Трошок ЕЕ 2025 (MKD)													
kWh/m² 2025													
CO_2 ЕЕ 2025 (t)	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Тип на греење	Нафта	Нафта	Нафта	Нафта	Нафта	Нафта	Нафта	Нафта	Нафта	Инвертер клима	Инвертер клима	Нафта	Нафта
Потрошувачка на нафта (l/год.)													
Потрошувачка на дрва (m^3/год.)													
Потрошувачка за греење (kWh/год.)													
Моќност на греење (kW)													
Година на систем													
CO_2 од нафта (t)	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
PV да/не	Не	Да	Да	Не	Не	Да	Да	Не	Не	Да	Не	Не	Не
PV моќност (kW)													
PV година													
PV производство (kWh/год.)													
CO_2 избегнато од PV (t)	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Топлотна пумпа да/не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не
Моќност на топлотна пумпа (kW)													
Бр. инвертер клими													
Вкупна моќност на инвертер клими (kW)													
Фасада да/не	Да	Да	Да	Не	Не	Не	Да	Не	Не	Да	Не	Не	Да
Година на фасада		2022/2023					2016					2020	
Дебелина на фасада (cm)													
ПВЦ прозорци да/не													
Година на прозорци													

Изолиран кров да/не													
Година на кров													
LED осветлување да/не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не
EMS да/не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не	Не
Тип EMS													
Година EMS													
Постоечка мерка да/не	Да	Да	Да	Не	Не	Да	Да	Не	Не	Да	Не	Не	Да
Предложена мерка													
Проценет трошок (MKD)													
Извор на финансирање													
Планирана заштеда (kWh/год.)													
Финансиска заштеда (MKD/год.)													
ROI (години)													
Планирано намалување CO_2 (t/год.)													
Забелешка	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0

Табела 1: Изглед на табела 2 (клучни KPI индикатори)

Клучни индикатори за мониторинг (KPI) – поврзани со табелите					
Група	Клучен индикатор (KPI)	Единица	Формула / извор	Вредност	Напомена

Потрошувачка на енергија	Вкупна потрошувачка на електрична енергија	kWh/год.	Инвентар + месечни податоци	0	Јавни објекти / внесени податоци
Потрошувачка на енергија	Потрошувачка по јавен објект	kWh/год.	AVERAGE(EE 2025)		
Потрошувачка на енергија	Потрошувачка по m^2	kWh/m^2	AVERAGE(kWh/m^2)		
Енергетска ефикасност	Намалување на потрошувачката	%	(2024-2025)/2024		Индикативно ако има податоци
Енергетска ефикасност	Заштеда на енергија	kWh/год.	SUM(планирана заштеда)	0	Од предложени мерки / сценарија
Енергетска ефикасност	Број на објекти со имплементирани мерки	бр.	COUNTIF(постоечка мерка, Да)	11	

Обновливи извори на енергија	Инсталиран PV капацитет	kW	SUM(PV моќност)	0	
Обновливи извори на енергија	Производство на електрична енергија од ОИЕ	kWh/год.	SUM(PV производство)	0	PV производство
Обновливи извори на енергија	Број на реализирани проекти	бр.	COUNTIF(PV, Да)	12	PV и други ОИЕ
Греење	Број на објекти со топлотна пумпа	бр.	COUNTIF(топлотна пумпа, Да)	1	
Водоснабдување	Инсталирана моќност на пумпи	kW	SUM(водовод kW)	98,1	Од доставени податоци за пумпите

Водоснабдување	Потрошувачка на електрична енергија за пумпи	kWh/год.	SUM(водовод)	179032,5	Се ажурира кога ќе се внесат часови на работа
Јавно осветлување	Потрошувачка на електрична енергија	kWh/год.	Јавно осветлување	0	
Јавно осветлување	Процент на LED светилки	%	LED / вкупно		
Е-мобилност	Број на регистрирани електрични возила	бр.	МВР / Општина	0	
Е-мобилност	Број на електрични велосипеди / лесни електрични возила	бр.	Општина / анкети / регистри	0	

Е-мобилност	Број на полначи / станици за полнење	бр.	Општина / оператори	0	
Возен парк	Вкупен број на службени возила	бр.	COUNTA(возила)	0	Службени возила на општината
Возен парк	Вкупна потрошувачка на гориво	l/год.	SUM(l/год.)	0	
Возен парк	Вкупни трошоци за гориво	MKD/год.	SUM(MKD/год.)	0	
Возен парк	Емисии на CO_2 од возен парк	t/год.	SUM(CO_2 гориво)	0	
Возен парк	Потенцијална заштеда со EV	MKD/год.	SUM(заштеда)	0	

Возен парк	Потенцијално намалување CO_2 со EV	t/год.	SUM(CO_2 намалување)	0	
Возен парк	Број на возила погодни за замена со EV	бр.	COUNTIF(EV опција,Да)	0	
Енергетска сиромаштија	Број на домаќинства опфатени со мерки	бр.	Лист 05	0	
Енергетска сиромаштија	Намалување на трошоци за енергија	%	Лист 05		
CO_2	Вкупни емисии на CO_2 со возен парк	t/год.	CO_2 објекти + водовод + осветлување + возен парк	125,32275	Проширен KPI со службени возила

CO_2	Намалување на CO_2 од PV	t/год.	PV × фактор	0	
CO_2	Планирано намалување на CO_2 од мерки	t/год.	SUM(планирано намалување)	0	

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЛИПКОВО
Претседател,
Зекирја Шаини